ГЛАСНИК НА ДРАМСКИОТ ТЕАТАР — СКОПЈЕ
БРОЈ 2

НОЕМВРИ, ДЕКЕМВРИ 1977

СОДРЖИНА

Од „Малиот органон“ на Брехт
Актуелно од југословенската сцена
Преглед на списанијата за театар
Хроника на Драмскиот театар
Се подготвува
По повод премиерата
Одгласи од гостувањето на ДТС низ Југославија

ГЛАСНИК НА ДРАМСКИОТ ТЕАТАР — СКОПЈЕ БРОЈ 2

НОЕМВРИ, ДЕКЕМВРИ 1977
СКОПЈЕ

ИЗЛЕГУВА ПОВРЕМЕНО

СОДРЖИНА

Од „Малиот органон" на Брехт, 3

Актуелно од југословенската сцена, 5

Преглед на списанијата за театар, 7

Хроника на Драмскиот театар, 8

Се подготвува, 9

По повод премиерата, 10

Одгласи од гостувањето на ДТС низ Југославија, 13

ИЗДАВА: ДРАМСКИ ТЕАТАР СКОПЈЕ

ЗА ИЗДАВАЧОТ ОДГОВОРЕН: Ристо Стефановски, Директор

БРОЈОТ ГО ПОДГОТВИ: Витомир Митевски Драматург при ДТС

ОБАВЕСТУВАЊЕ

Поради обемноста на критиките што ги објавуваме по повод гостувањето на Театарот низ Југославија, а со оглед на ограничениот простор што ни стои на располагање, поголемиот дел од текстовите предвидени за овој број на ,,Гласникот" се изоставени.

Избор од „Малиот Органон“ на Бертолт Брехт

ОД ТЕОРИЈАТА НА ТЕАТАРОТ:

Во рецензијата на новосадското театарско списание „Сцена“ што ја донесовме во првиот број на „Гласникот“ се задржавме на излагањата на Малата трибина од Стериинoто позорје на тема: „Каков театар сакаме“. Сметајќи дека тоа прашање е мошне актуелно и од голема важност кај нас, правиме обид него да го продлабочиме преку неколку изводоци од Брехтовиот „Мал органон“, кои ќе укажат на целите и перспективите што им ги дава на театарот овој голем творец на XX век.

1.

Театарот се состои во подготвување на живи слики врз основа на познати или измислени настани меѓу луѓето со цел да забавува. На тоа во секој случај мислиме кога во истражувањата што следат зборуваме за театарот, било за стариот или новиот.

3.

Отсекогаш целта на театарот е, како и на сите останати уметности, да ги забавува луѓето. Во таа дејност е содржано неговото посебно достоинство: освен забавата нему не му е потребна никаква друга легитимација, но оваа, секако е безусловна. На никој начин театарот не би можел да се издигне на повисок степен со тоа што од него би се направил трибун на моралот; во тој случај театарот би требало да внимава да не биде понижен, што несомнено би се случило кога од моралното не би правел задоволство, и тоа сетилно задоволство, а кое на моралното може само да му користи. Од театарот не може да се очекува дури ни поучност, во секој случај нема поголема корист од онаа која настанува преку задоволството во движењето, телесното како и духовното. Театарот мора, имено, да остане нешто потполно одвишно. што во тој случај значи дека живее поради одвишното.
Ништо не бара помалку одбрана отколку уживањето.

7.

А уживањата во разните времиња природно биле различни, односно според начинот како во нив луѓето заедно живееле. Поинаку се забавувал демосот во хеленскиот циркус под власта на тираните, од феудалниот двор на Луј XIV. Театарот морал да донесува поинакви слики на заедничкиот живот на луѓето и не само слики на поинаков заеднички живот, туку и слики од поинаков вид воопшто.

9.

А мора да се има на ум дека уживањето во сликите од така различен вид речиси никогаш не зависело од степенот на сличноста на сликите со она што отсликуваат Неточноста, па дури и големата неверојатност, малку или воопшто не пречела, само ако таа неточност поседувала извесна доследност и ако неверојатноста била постојано од ист вид. Доволна е илузијата за нужен тек на дадената приказна, што се постигнувало со најразлични поетски и театарски средства. И ние честопати лесно поминуваме преку тие неслагања кога сме во ситуација да паразитираме на душевните испирања кај Софколе или жртвувањата кај Расин или амокните беснеења кај Шекспир, обидувајќи се да ги досегнеме убавите и големите чувства на главните ликови на овие приказни.

10.

Бидејќи од сите оние многубројни видови на слики за настаните меѓу луѓето кои старите ги направиле во театарот, кои и покрај своите неточности и неверојатности ги забавувале луѓето, постојат денес многу кои и нас не забавуваат.

11.

Констатирајќи ја способноста да уживаме во сликите од така различни времиња, што одвај им било можно на децата на тие времиња, не мора ли да се посомневаме дека посебни уживања, вистинската забава на нашето сопствено доба сеуште не сме ја откриле?

13.

Нашето уживање во театарот го намалуваат несогласувањата во сликите на настаните меѓу луѓето. Причина за тоа: ние поинаку се однесуваме спрема она што се одсликува од гледачите пред нас.

14.

Кога имено, се осврнуваме кон забава која би била непосредна, кон сеопфатно и потполно уживање што би можело да ни го пружи нашиот театар преку сликите на заедничкиот живот на луѓето, мора да гледаме на себе како на деца на научното доба. Нашиот заеднички живот како луѓе — а тоа значи: нашиот живот — во сосема нов обем е определен од науката.

15.

Пред неколку века неколку луѓе, во различни земји но во писмен контакт, превзедоа определени експерименти надевајќи се дека преку нив на природата ќе и ги отргнат нејзините тајни. Припаѓајќи на класата занаетчии во веќе моќните градови, тие своите пронајдоци им ги предадоа на луѓе кои нив практично ги искористија не очекувајќи од новата наука нешто повеќе од лична добит. Занаетите кои дотогаш се користеа со методи не измените низ илјадници години, сега моќно се развија во многу места, кои ги поврзаа со конкуренција, прибирајќи насекаде големи маси луѓе, кои организирани на нов начин започнаа со огромно производство. Наскоро човештвото покажа такви сили за чии размери порано одвај можеше да се сонува.

17.

Ако новите науки ја овозможија огромната промена, а пред се променливостта на нашата околина, сепак не може да се каже дека нивниот дух сите не исполни во пресудна мерка. Причината што новиот начин на мислење и чувствување сеуште не ги проникнува големите маси луѓе, треба да се бара во тоа што тие науки — така успешни во експлоатација и покорување на природата — класата која им е благодарна за сопствената власт, граѓанството, попречува да се бават со една друга област сеуште во темнина — имено, со меѓусебните односи на луѓето при експлоатација и покорување на природата. Оваа дејност од која зависат сите се извршува, но новите методи на мислења кои ја овозможиле, не го објасниле меѓусебниот однос на оние кои ја извршуваат. Новиот поглед на природата сеуште не е насочен кон општеството.

20.

Но науката и уметноста се слични во тоа што и двете постојат за да би го олесниле животот на луѓето, едната бавејќи се со нивното згрижување, а другата со нивното забавување. Во времето што доаѓа, уметноста ќе го црпе забавувањето од новата продуктивност, која може прилично да го подобри нашето згрижување, и која, ако биде непречена, би можела да стане најголемо од сите уживања.

21.

Ако пак сега сакаме да и се предадеме на големата страст на продуцирање, како нашите слики на заедничкото живеење на луѓето треба да изгледаат? Кој е тој продуктивен став спрема природата и спрема општеството што ние, децата на научното доба, сакаме со задоволство да го завземеме во нашиот театар?

22.

Тоа е критичкиот став. Соочен со река, тој се состои во регулација на таа река, соочен со овошка — во калемење на овошката, соочен со општество — во преобразба на општеството. Своите слики за заедничкиот живот на луѓето ние ги создаваме за регулаторите на реките, одгледувачите на овошките, конструкторите на возила и преобразителите на општеството кои ги повикуваме во нашиот театар и ги молиме своите радосни интереси да не ги заборават кај нас, за да би го предале светот на нивните умови и срца како би можеле да го менуваат според своето мислење.

24.

А тоа му олеснува на театарот што е можно повеќе да се доближи до областа на поучување и објавување. Зошто, иако тој не може да биде оптеретен од најразлична научна материја која му го оневозможува уживањето, тој тогаш може да ужива во учењето или истражувањето. Тој изработува употребливи слики на општеството кои можат да влијаат на општеството, исто како и во играта: тој ги прикажува како минатите така и сегашните доживувања на општеството за градителите на општеството, сфаќањата и импулси кои најстрасните, најмудрите и најактивните меѓу нас ги црпат од настаните на денот и векот. Градителите ќе се забавуваат во мудроста која произлегува од решавањето на проблемите, во бесот во кој може корисно да се преобрази сочувството со починетите, во почитување на почитта кон човечкото, т. е. човекољубивото, накратко, со се што ги радува производителите.

Од југословенската сцена

Ако минатиот пат се задржавме на репертоарните планови на театарот од Словенија, сметаме дека е оправдано овој пат да ги претставиме Предлог-програмите на белградските театри дотолку повеќе што на таа тема беше мошне опсежно дискутирано и пишувано во печатот од последниот месец на 77 година. При тоа нема да зборуваме за пропустите на заедничката публикација ПРЕДЛОГ ПРОГРАМИ ЗА 1978 ГОДИНА што ја издаде СИЗ за култура на Белград, нема да зборуваме за „непрофесионално испишаните репертоарни предлози", не ќе дискутираме ни за преопуштањето „исклучиво диктирање на режисерите" со цел „и режисерите да бидат сити и глумците на број".

Нашата задача е скромна: да му пружиме на читателот на „Гласникот" куса, но прегледна информација за тенденциите или подобро настојувањата на белградските театри во најопшти црти со обид да се укаже на поинтересните моменти на тој план, накусо: што понудуваат белградските театри за престојнава година (1978)?

ДРАМАТА НА НАРОДНО ПОЗОРИШТЕ

си поставува пред себе три основни задачи:

а) негување на домашното драмско наследство

б) стимулирање на современи домашни драмски атвори

в) прикажување на значајни драмски дела од светската драматургија (класична и современа)

Конкретно изразен тој план изгледа вака:
Од домашната драмска класика:
Његош: ЛУЧА МИКРОКОЗМА
Ђура Јакшић: СТАНОЈЕ ГЛАВАШ
Лаза Костић: ЛАЗА ЦРНОЈЕВИЋ
Стеван Сремац, Љубинка Бобић: ПУТУЈУЋА ДРУЖИНА
Милутин Бојић: НЕОБЈАВЉЕНА ДРАМА
Драгослав Ненадић: ПРЕД НОВИМ ЖИВОТОМ
Бранислав Нушић: СУМЊИВО ЛИЦЕ

Од современото драмско творештво:
Татијана Павишић: МИЉЕНИК
Милан Шећеровић: АНДРА И ЉУБИЦА
Миодраг Илић: ЧОВЕК КОЈИ ЈЕ ЗАУСТАВИО СУНЦЕ
Душан Јовановић: ОСЛОБОЂЕЊЕ СКОПЉА

Од класична драмска литература:
Есхил: ОРЕСТИЈА
Аристофан: ПЛУТО
Шекспир: ВЕСЕЛЕ ЖЕНЕ ВИНЗОРСКЕ
Тирсо де Молина: ДОН ХИЛ У ЗЕЛЕНИМ ПЕЛЕГРИНАМА
О'Нил: ЧЕЖЊА ПОД БРЕСТОВИМА
Толстој: РАТ И МИР (драматизација)
Бернанос: ДИЈАЛОГ КАРМЕЛИЋАНКЕ
Витолд Гомбрович: ИВОНА, КЊЕГИЊА БУРГУНДСКА
Албер Ками: КАЛИГУЛА

За КРУГ 101

усвоени се драмите:
Миленко Вучетић: СКИДАЊЕ ГЛАВА ПАНТОВИЋУ И ТАНКОСИЋУ
Хохут: ЛОВЧЕВА ПРИЧА
а се предлагаат:
Драган Ускоковић: ЈАБАНЦИ
Клодел: РАЗМЕНА
Мрожек: ЛОВ НА ЛИСЦА

ЈУГОСЛОВЕНСКО ДРАМСКО ПОЗОРИШТЕ

уште на почетокот ги нагласува своите основни интенции: да се прошири кругот на најголемите светски и домашни класичари и ориентирање кон поголеми, таканаречени „ансамбл-претстави". Интересно е што во предлогот се наведени и потенцијалните режисери.

Овој театар планира три премиери:
Алфред де Мисе: ЛОРЕНЦАЧО Режија: Бранко Плеша
Душан Ковачевић: ЛИМУНАЦИЈА НА СЕЛУ Режија: Дејан Мијач
Карло Голдони: ТРИЛОГИЈА О ЛЕТОВАЊУ Режија: Паоло Мађели

Сцената БОЈАН СТУПИЦА за годинава предлага:

Душан Јовановиќ: ГЕНЕРАЦИЈЕ
Славомир Мрожек: ГРБАВАЦ
Хенрих Ибзен: ЖЕНА С МОРА

Покрај ова, Југословенското драмско позориште приложува и листа на дела кои за сега се наоѓаат во оквирниот репертоар, како потенцијални кандидати за изведба под услов да се добијат средства и за нив.

Во ОКВИРНИОТ РЕПЕРТОАР влегуваат:

За Големата сцена
Милош Црњански: СЕОБЕ II део
Николај Гогољ: РЕВИЗОР
Бранислав Нушиќ: ВЛАСТ
Питер Бернс: ОМАЃИЈАНИ
Нова драма од Љубомир Симовиќ

Театарот ,,Бојан Ступица''
Домашен текст од конкурсот
Добривое Илиќ: ЈОАКИМ
Франц Ксавер Крец: ЗВЕЗДАНИ ТАЛИР
Рамон дел Ваље-Инклан: СВЕТЛОСНЕ БОЕМИЈЕ

БЕОГРАДСКО ДРАМСКО ПОЗОРИШТЕ ги предлага:

Жељко Сенеќиќ: ОТМИЦА Режија: Оливер Викторовиќ
Ранко Маринковиќ: ПОЛИТЕЈА ИЛИ ИНСПЕКТОРОВЕ СПЛЕТКЕ Режија: Александар Огњановиќ
Жан Пол Сартр: ЃАВО И ГОСПОД БОГ Режија: Желимир Орешковиќ
Едвард Бонд: ЛУДА Режија: Паоло Маѓели
Бранислав Нушиќ: ГОСПОЃА МИНИСТЕРКА Режија: Паоло Маѓели
Милош Црњански: СЕОБЕ Режија: Мирослав Беловиќ

Како еден нов вид на дејност Београдско драмско позориште ја продолжува иницијативата на здружување околу определени проектни. Така, како факултативни проекти се предлагаат:
ДРЖАВНИ ЛОПОВ од Фадил Хаџиќ и ОМНИБУС ЉУБАВИ од Слободан Петковиќ.

ПОЗОРИШТЕ НА ТЕРАЗИЈАМА чија основна репертоарна ориентација се комедија, сатира, водвиљ, музичка комедија, стилизовани национални пиеси со пеење, современи оперети, мјузикл, ревијални и кабаретски програми, за годинава предлага:
Од домашни дела:
Оскар Давичо: КЛАН ПУЖЕВА — сатира Режија: Александар Огњановиќ
Васко Ивановиќ: ПОЛИЦИЈА, МОЛИМ САЧЕКАЈТЕ—фарса. Режија: Славенко Салетковиќ
Радомир Смиљаниќ: ЉУБАВ У ПРЕДВЕЧЕРЈЕ — музичка комедија. Режија: не е утврдено
Од страни дела:
Бертолд Брехт: ОПЕРА ЗА ТРИ ГРОША Режија: Желимир Орешковиќ
Јохан Штраус: СЛЕПИ МИШ — оперета Режија: Желимир Орешковиќ

АТЕЉЕ 212 ги предвидува следните премиери:
Антон Чехов: ВИШЊИК Режија: Дејан Мијач
Станислав Виткијевич: МАЈКА Режија: Мира Траиловиќ
Александар Вампилов: ЛОВ НА ДИВЉЕ ПАТКЕ Режија: Љубомир Драшкиќ
Мишел Гелдерод: ПАНТАГЛЕЗ Режија: Љубомир Драшкиќ
Владимир Стојшин: ХАЈКАЧИ Режија: Зоран Ратковиќ
Драгослав Михајловиќ: ПРОТУВЕ ПИЈУ ЧАЈ Режија: Зоран Ратковиќ
Виљем Шекспир: КАКО ХОЌЕТЕ Зоран Радмиловиќ
Харолд Пинтер: НИЧИЈА ЗЕМЉА
Матија Бечковиќ: МЕЃА ВУКА МАНИТОГА
Хауард Брентон: ОРУЖЈЕ СРЕЌЕ
Стеван Јевтиќ: ЧЕТИРИ МИЛИОНА РУБЉА

ПОЗОРИШТЕ БОШКО БУХА предлага:
Жарко Петан: ОПТУЖЕНИ ВУК
Итало Калвин: БАРОН НА ДРВЕТУ
Николас Греј: МАЧАК У ЧИЗМАМА
Луис Керол: АЛИСА У ЗЕМЉИ ЧУДА
Миодраг Станисављевиќ: БАЈКА ИЗ НОВОГОДИШЊЕ НОЌИ

МАЛО ПОЗОРИШТЕ предлага три премиери:
Александар Пушкин: БАЈКА О РИБАРУ И РИБИЦИ
Фране Пунтар: ЉУЉАШКА
Иво Андриќ: АСКА И ВУК

Преглед на списанијата за театар

,,СЦЕНА'' бр. 5

Тема на октомврискиот број на ова новосадско списание е прегледот на југословенската театарска сезона 1976/77.

Поместени се следниве прилози: Андреј Инкрет: ,,Словеночкиот театар 1976/77 — изгубено во просечноста'', Далибор Форетиќ и Бранко Јежиќ пишуваат за хрватскиот театар под наслов ,,Многу праизведби, малку прави дострели'', Лука Павловиќ се јавува од Сараево со написот ,,Игре, драме, репертоар'', Слободан Селениќ пишува за белградската сезона под наслов ,,Во знакот на современата домашна драма'', Дејан Пенчиќ — Пољански: ,,Што и како во театрите на потесна Србија'' 1976/77'' Миодраг Кујунџиќ: ,,Промашени амбиции'' (за војводинските театри), Ласло Геролд: ,,Успон и пад'' (за унгарскиот театар во Југославија) Вехап Шита: ,,Сезона на гости и јубилеи'' (за Покраинското народно позориште во Приштина), Сретен Петровиќ: ,,Инсистирање на домашна драматургија'' (Црногорско народно позориште) и Иван Ивановски: ,,Малку права атмосфера'' (за театарот во Македонија).

Останати написи кои можеме да ги сретнеме: Шимун Јуришиќ; Превласт на домашниот писател (Дваесет и трето сплитско лето), потоа блок од написи за поставата на ,,Покондирена тиква'' на режисерот Дејан Мијач со фотоопис на целата изведба. Драмскиот додаток ја донесува драмата од Иван Бакмаз: ВЕЖБИ ВО ГЕТЕ — ИНСТИТУТОТ.

,,СЦЕНА'' број 6

(за ноември и декември) донесува група од написи посветени на скоропочинатиот Велибор Глигориќ, потоа повеќе рецензии на претставите од последниот БИТЕФ, а како тема на бројот посочена е Анкетата на Андре Венстен за феноменот на режијата. Покрај тоа, придодадена е и анкетата на ,,Сцена'' која ги содржи текстовите на Радослав Лазиќ: Режисерското творештво во Мата Милошевиќ и Режисерот Хуго Клајан,. Следува написот на Владимир Марениќ: Едно е слика а друго сцена (во поднаслов: по повод изложбата на современата српска сценографија и костимографија). На крајот се наоѓа драмата од Мирко Ковач: ,,Галерија на весели луѓе''.

,,ПРОЛОГ'' број 32

е посветен на хрватскиот драмски писател Јанко Полиќ Камов. На таа тема ги наоѓаме следниве написи: Дарко Гашпаревиќ: За драмското дело на Јанко Полиќ, Бранимир Донат: Распад на трагичното, Вјера Биримиша: Пасија по Јанко Полиќ Камов, Цветко Милања Камов и ,,срцето'' на стварта'', Бранко Матан: Две предвоени изведби на Камов во критиката, Влатко Перковиќ: Дали да се крене завесата?, Иван Рогиќ Нехајев: Барцелонска постума, Милорад Стоевиќ: Соблазна во црногорскиот театар, Франц Загорчник: Псовка, Слободан Шнајдер: Камов смртопис (драма).

Потоа следуваат разговорот со Рене од Обладија, написот на Звонимир Мркоњиќ: Сон и стварноста на Крлежиниот ,,Волчјак'', блок од написи за и од Еуџенио Барба.

Редовниот ФОРУМ ги донесува критиките на Звонимир Мркоњиќ за драмата ,,Метастаза'' од Слободан Шнајдер изведена во Народно казалиште во Вараждин, Божо Ковачевиќ пишува за ,,Волчјак'' од Крлежа поставен во во Драмско казалиште ,,Гавела'', Анте Арманини пишува за претставата ,,Еден ден во животот на Игнациј Голоб''

Хроника на Драмскиот театар

Во текот на 1977 година Драмскиот театар имаше пет премиерни изведби, од кои четири на Вечерната и една на Младинско — детската сцена („Баш Челик").

Табелата што подолу е поместена има за задача да ни пружи прегледна слика на премиерите на театарот (во однос број на изведби и број на посетители) во текот на изминатава година, што не ја исклучува можноста таа да се сфати и како релативен показател за успехот (или поточно — прифатеноста од публиката) на секоја претстава поединечно.

	Премиери во 1977	Прв пат изведена	Број на изведби	Број на посетители
1	ЕДИП	5. II. 1977	15	4374
2	ЦРНИЛА	19. III. 1977	21	6379
3	БАШ — ЧЕЛИК	28. IV. 1977	14	4204
4	ХАМЛЕТ	24. IX. 1977	16	4850
5	НЕПОКОР	7. XII. 1977	3	592

„Ревизор"

СЕ ПОДГОТВУВА „РЕВИЗОР" ОД Н. В. ГОГОЉ

Во Драмскиот театар во тек се пробите на познатото дело од Гогољ „Ревизор". По овој пат сакаме да го запознаеме читателот со основните податоци за претставата што се подготвува, односно за луѓето кои работат на неа и куса белешка од режисерот Димитар Станковски за претходните поставки на пиесата.

РЕЖИСЕР
ДИМИТАР СТАНКОВКСИ

СЦЕНОГРАФ
БРАНКО КОСТОВСКИ

КОСТИМОГРАФ
ЕЛЕНА ДОНЧЕВА

КОМПОЗИТОР
ЉУПЧО КОНСТАНТИНОВ

Л И Ц А

АНТОН АНТОНОВИЌ МУХАНОВСКИ	ДРАГИ КОСТОВСКИ
АНА АНДРЕЕВНА	МИЛИЦА СТОЈАНОВА
МАРИЈА АНТОНОВНА	МАЈДА ТУШАР
ЈАПКИН ТЈАПКИН	ГЕШОСКИ ДИМИТАР
ЗЕМЉАНИКА	ДИМЧЕ МЕШКОВСКИ
ШПЕКИН	ДИМИТАР ЗОЗИ
ХЛОПОВ	ГОЦЕ ТОДОРОВСКИ
НЕГОВА ЖЕНА	АНГЕЛИНА ИВАНОВА
ДОПЧИНСКИ	КОЛЕ АНГЕЛОВСКИ
БОПЧИНСКИ	ВЛАДИМИР АНГЕЛОВСКИ
ХЛЕСТАКОВ	ЧОРЕВСКИ БЛАГОЈ
ОСИП	АЦО ЈОВАНОВСКИ
СВИСТУНОВ	ИВАН ПЕТРУШЕВСКИ
ДЕРЖИМОРДА	БЛАГОЈ ЦРВЕНКОВ
ЉУЉУЛКОВ — трговец	КИРЧО БОЖИНОВСКИ
КОРОБКИН — трговец	ЃОКИЦА ЛУКАРЕВСКИ
СЛУГА ВО ХОТЕЛОТ	МАРИН БАБИЌ
ХИБНЕР	АЦО ДУКОВСКИ
ПОДОФИЦЕРКАТА — Жена на Коробкин	САБИНА АЈРУЛА
ЖЕЛЕЗНИЧАРКАТА — Жена на Љуљуков	СНЕЖАНА МИХАЈЛОВИЌ

Суфлер: СНЕЖАНА БОШНАКОСКА

Инспициент: ТЕМЕЛКОВ ЃУРКО

КУС ИСТОРИЈАТ ЗА ДОСЕГАШНИТЕ ИСТАКНАТИ ИЗВЕДБИ НА „РЕВИЗОР"

РЕВИЗОР е напишан 1846 година. Идејата за пишувањето на РЕВИЗОР на Гогољ му ја дал Пушкин, а прв пат е изведен во 1848 година. Во своето постоење доживеал и многу редакции. Во некои од тие редакции се јавуваат и други личности и сцени (Авдотија, офицери) а во други пак истите се исфрлани. Правиот и вистински РЕВИЗОР започнува со дискусија на Гогољ со артистите „каква комедија треба да се напише и како треба да се игра": Претставата завршува со „општа тепачка" меѓу Гогољ и артистите „затоа што тој како автор премногу оштро и трагично ја завршува пиесата и дека такви ситуации во стварност не постојат".

Во своето поставување РЕВИЗОР доживеал најразлични толкувања. Почнал да се игра како водвиљ, потоа како симболистичка комедија (Рјазанов) потоа како мистерија под името „Гогољ и ѓаволот" во театарот „Комисаржевска", се игра и како реалистичка комедија (Станиславски во МХАТ) за да најадекватното видување го доживее во 1926 година од режисерот Мејерхолд. Интересна претстава направил и Луј Жуве во парискиот театар „Антоан" (Жуве го играл Хлестаков). Во поновата историја треба да се спомене претставата во Варшавскиот драмски театар во 1969 година во режија на Јозев Шајна кој се обидел и успешно го надградил видувањето на Мејерхолд и претставата на РЕВИЗОР во Будимпешта и Ленинград 1977 година во режија на Тавстоногов.

Кај нас РЕВИЗОР е поставуван во Битола и во Скопје. Во Скопје во режија на Димитар Костаров со Петре Прличко како Градоначалникот и Драги Крстевски како Хлестаков.

„РЕВИЗОР е вечно революционерна пиеса и треба вечно да се поставува" (Мајерхолд)

Во РЕВИЗОР треба да се наслика сета неправедливост кај оние луѓе и на оние места од кои пред се се бара справедливост (Гогољ).

Димитар Станковски

„Непокор“

ПО ПОВОД ПРЕМИЕРАТА НА „НЕПОКОР“ ОД БРАНКО ПЕНДОВСКИ

Вклучувајќи се во прославата на Титовите и наши јубилеи, на 7. XII. 77 година Драмскиот театар премиерно ја изведе претставата „Непокор“ од Бранко Пендовски, во режија на Љубиша Георгиевски. Ги објавуваме критиките што излегоа по тој повод во нашите јавни гласила.

ЕМИТУВАНО НА РАДИО — СКОПЈЕ (ПРВА ПРОГРАМА) ВО ЕМИСИЈАТА „СООЧУВАЊА“

9. XII. 1977

Како втора премиера во годинашнава театарска сезона Драмскиот театар во Скопје ја прикажа претставата „Непокор“ од Бранко Пендовски во постановка на Љубиша Георгиевски, приклучувајќи се на тој начин, како и многу други театарски куќи кај нас, во одбележувањето на Титовите и наши јубилеи и давајќи свој убав прилог во оваа сенародна прослава. Тоа беше уште еден обид историјата да се пренесе на драмската сцена, во Драмски облик да се оживее едно славно време, кое со гордост и со чувство на возбуда го наречуваме Титова епоха. Тоа беше уште еден обид со јазикот на афтентичниот документ да се прозбори за свелините на минатото и за доблестите на сегашноста, персонифицирани во легендарната Титова личност, во човекот што е траен симбол на непокорот, што стана поим за една далекусежна мисла и порака.

Македонскиот писател Бранко Пендовски, движејќи се исклучиво во сферите на необично богатата документаристика за животот и за богатото револуционерно дело на другарот Тито, бил поставен пред мошне сериозна и деликатна задача за тоа што да избере од неизмерно богатиот архивски материјал, на кој начин него да го селектира, да го компонира и да го поврзе во една повпечатлива целина. Втората, и секако најголема и најтешка дилема била — како документите да се транспонираат во дијалошка структура и на тој начин да добијат своја драматуршка основа. Својата документарна драма, тоест драматизација, во која ретроспекцијата за Титовиот пат е проширена како еден вид пресек низ историјата за нашата партија, за нашето опстојување, Пендовски ја започнува со ѕверските мачења на младиот комунист Јосип Броз, што се најава за познатиот таканаречен Бомбашки процес во Загреб во 1928 година, на кој уште тогаш ќе се покаже чудесната Титова револуционерна цврстина, неговото визионерство и длабоко уверување во неизбежното доаѓање на еден подобар и поправеден свет. Времепловот на настаните ќе не воведе вон многуте бурни периоди од скорешната историја: налетот на фашистичките орди, разгорувањето на оружената борба, несприемерниот хероизам на југословенските народи, во виорот на револуцијата уште повеќе да се согледа големината на Титовата трагедија, и покрај најголемите тешкотии и искушенија да се истрае докрај. Времепловот на настаните ќе ни го доближи и калеидоскопот на многу познати личности како што се Сталин, Черчил, Димитров и други. Првиот дел од претставата завршува со една сцена на текст од Мирослав Крлежа. Тоа е сцената за средбата на Тито со Толбухин на еден сесловенски банкет веднаш по војната, која доаѓа како еден вид интермецо на претставата. Во вториот дел се користени документи што не пренесуваат во повоените денови и кои се однесуваат на новите тешкотии и судбоносни мигови, што доаѓаат со нападите врз Југославија и злогласната резолуција на Информбирото. Ќе наидеме и на документи што ги прикажуваат средбите меѓу Тито и Хрушчов. За крај на оваа претстава е избран текст што сугерира една присна и топла атмосфера, одговорот на Тито на здравицата по повод прославата на 40 годишнината од неговото доаѓање на чело на Комунистичката партија, односно на Сојузот на комунистите, кога тој толку едноставно и човечки присно на совите најблиски соработници и на сите работни луѓе ќе им се обрати со познатите зборови дека го сторил само она што му налагала совеста на комунист и должноста на револуционер. Овој и ваквиот завршен акорд прозвуча како мошне логичен акцент и тој на изведбата и даде еден необичен радосен и оптимистички колорит.

Многубројните автентични документи што ги користи Бранко Пендовски се организирани по принципот на колаж. Иако разбиени во делови, понекогаш дури и уситнети во објаснувањето на одделни сцени и ситуации, тие сепак не се без замав во архитектониката на градбата на документарната драма. Во најголема мера Пендовски успеа да се ослободи од публицистичкиот манир и посебно од агитационата оголеност, инсистирајќи на суштините на нештата, а не на нивните надворешни манифестации и понудувајќи документарна драматургија која дава можности за правење театарска претстава. Во оваа смисла Бранко Пендовски како автор на драматизацијата, односно на документарната драма, ја изврши својата задача, мошне грижливо, совесно и професионално.

Ова не е прв и тешко е да се поверува дека ќе биде последен пат Љубиша Георгиевски да се зафати со режирање на текст кој има мозаичен карактер, кој не е работен во вид на една класична драматургија. Пред неколку

сезони со ансамблот на Народното позориште Зеница тој ја реализира мошне ефектната претстава „Вокс Хумана" од Мома Капор, која имаше можност да ја види и скопската публика. При поставувањето на документарната драма „Непокор". Љубиша Георгиевски не оди во правење драмска кантата, спектакл, голема масовна претстава, како во „Вокс Хумана", Иако во споменатиот текст на Бранко Пендовски се појавуваат триесетина најразлични ликови, тој се определува за превасходно камерна претстава, за едно, ако така може да се рече камерно музицирање, осмислувајќи ја претставата како една не многу голема композиција, во која нејзини изведувачи се само четири актери кои се менуваат од лик во лик, од ситуација во ситуација. Ваквиот пристап — да се откриваат вистините за едно бурно и судбоносно време со еден поспокоен ритам со една смирена интонација, што ќе рече без некоја посебна нагласеност и патетичност, зашто камерното кажување тоа и не го дозволува, му овозможи на режисерот Георгиевски да ги избегне можните замки во кои лесно можел да пропадне и да направи претстава во строго рецитална форма. Она што е најбитно во случајов — претставата што тој ни јапонуди не е лишена од театарски чин. Публиката беше сведок на една своевидна театарска претстава. И во неа Георгиевски остави печат на својата режисерска индивидуалност и во неа беше препознатлив неговиот посвеж режисерски ракопис, неговиот истражувачки дух. Со други зборови речено, своето повеќегодишно режисерско истражување и посебно совјот темперамент и во овој и ваквиот вид театарски претстави тој ги внесе во постановката за која станува збор. Како и во „Вокс Хумана", така и во „Непокор" но овој пат со една поголема дискретност, трага во истакнувањето на една хуморно, иронична нота, а со користењето некои искуства од филмот на елементи на Брехтовиот театар, односно со воведување сонгови, и обезбеди на претставата творечка концепција, колку што е можно таа да биде поблиска до денешниот современ гледач. Кога веќе ги спомнав сонговите, пишувани на текст од Србо Ивановски, а компонирани од Љупчо Константинов, да кажам дека тие немаа илустративен карактер, туку претставуваа суштински елемент во поврзувањето одделни сцени, во објаснувањето одредени ситуации и слично. Претставата, се има впечаток, траеше, нешто повеќе отколку што би требало. И интересот за неа паѓа тогаш кога многубројните документи, претворени во дијалог, ја губат поизразитата драматуршка боја, а тогаш и режисерската инвенција како по малку да спласнува (некаде во средината на вториот дел е најдобар пример за тоа), па извесно скратување на текстот не би било на одмет.

Љубиша Георгиевски го развива дејствието на претставата, ја потенцира динамиката на еден мал и ограничен простор на сцената, на која се наоѓа публиката, ставајќи ги актерите лице в лице со гледачите. Само по себе се разбира, колку голем напор е за протагонистите ваквиот начин на играње, уште повеќе ако се има предвид огромниот текст што го толкуваат само четворица артисти, а кои, според галеријата ликови што се појавуваат во текстот би требало да го играат него најмалку уште двапати повеќе изведувачи.

Во изведувачкиот квартет прва и најсигурна „виолина" беше Мите Грозданов, кој со едно за него невообичаено спокојство го интерпретираше текстот најстојувајќи да му ја даде максималната природност, со фини вибрации на гласот. По мошне забележливиот успех постигнат со насловната улога во Софоклевиот „Цар Едип" и со една од клучните улоги во Чашулевите „Црнила", — улогата на Луков, на Петар Темелковски му беше доверена уште една тешка и сложена задача што ја изврши главно успешно. Имаше во неговата игра еден внатрешен интензитет, посебно во првиот дел на претставата, за на крајот како да му недостаса здив за едно поизнијансирано интерпретирање на текстот, поради што преминуваше во напрегнатост и грч.

Новите членови на Драмскиот театар: Димитар Зози и Ненад Стојановски одлично се вклопија во претставата, но вистинска штета е што тие а посебно Стојановски не беа вклучени во изведбата со нешто пообемен текст, зашто со она што го покажаа, не уверија дека можат да поднесат и поголем товар од оној што им беше даден.

Премиерната публика мошне срдечно го поздрави успехот на младите актери, прифаќајќи го овој најнов сценски проект на Драмскиот театар како придонес во одбележувањето на Титовите и наши јубилеи.

Иван Ивановски

„СТУДЕНТСКИ ЗБОР" 20. XII. 1977

„Непокор" од Бранко Пендовски во режија на Љубиша Георгиевски.

Престава во чест на Титовите и наши јубилеи

Има ли поголема задача пред законите на човечкиот и природен бескрај од онаа свеченост во духот на творештвото кога тргнуваме по тешките спомени на Времето и ја откриваме историската вистина во неговата вистина во неговата содржина.

„Непокор", подготвуван според мемоарски и политички документации од Бранко Пандовски со формирано ниво на драмска материја е нешто како историска сказна што му се разбудува на човека во свеста, кога, говорејќи со епохите, се запрашува што е личноста во историјата, што е слободата, што е легендата која е вистина на патешествието на водачот на југословенската социјалистичка револуција Јосип Броз Тито.

Љубиша Георгиевски понуди еден од бескрајно можните театарски одговори, тој го исползува духовниот инструментариум на театарот, го спротивстави на човековата драма извлечена од мемоарскиот материјал на историските митологии на новото време, ја ангажира својата бескомпромисна инвестиција во тековите на еден поинаков театарски говор кој се одделува од нивото на вообичаеноста, од нивото на сивилото. Може да се тврди, може да

се изнаоѓаат естетски и социјолошки теми според кои „Непокор“ во постановката на Љубиша Георгиевски е автохтона визија во спрегот на својот отворен ангажман, во својата мисија на барање на запрената светлина во шумите на историскиот презир, низ непрегледните пространства на документите низ она опстојување пред законите на апокалипсата на еден свет, на една земја, на една слобода што се вика Титова социјалистичка и самоуправна Југославија.

Драмата во „Непокор“ дише во едно свое време на сценски синтези кои ги раскреснуваат раздобјата на зборот, мислата и векот, ни ги нудат како уметничка содржина во која потонуваме од својот инертен комодитет, за да ја доживееме Сталиновата монстуозна какафонија, каде на пултот од својот грозоморен култ диригираше со историјата или џентлменската ГЛАДИЈАТУРА на големиот господин Черчил, скуснат во фотелјите на своите математики со границите на Европа, за да го доживееме маскембалот на политичките тортури и калкулации низ кои минува Тито, низ кои минува југословенската револуција, претставувајќи му ја на светот својата триумфална почва на непокорот.

Проследена низ една творечка цврстина фрагмантарност во однос на големите историски интервали, личноста на Јосип Броз Тито во оваа претстава дејствува со величината на бескрајниот човечки симбол кој не говори од височините од својата замислена неприкосновеност, туку тргнувајќи од нејзините — општо човечката несреќа и бол, ја допира далечната ѕвезда н анадежта и вистината.

„Непокор“ на Љубиша Георгиевски се доживува со многузначната совест на восприемањето, имено, таа е политички ангажиран театар, чија што основна наградба и цел ја користат сценската семиологија на можностите — светлината на ретроспективите, човечкиот глас пред тековите на времето, маската како опозиција, како ново вреднување на историјата, како современ, како модерен театар кој се прави денес ослободен од комплексите на своето беспрекорно поведение, театар кој е дијалектички по својата вокација а алхемичен во потрагите, езгибиците, синтезите и позициите што ги открива пред современиот гледач. Видовме во Драмскиот театар еден провизориум на асоцијацијата, кој изнесе прид вдиот на актуелните очи уметнички резултат што е уште едно ангажирано јадро во одбраната за вистината на Југославија, водена низ просторите на неизвесноста од „човекот“ со име слично на нашата надеж“, со човекот што ги надминува реалните координати на времето како општа категорија, со човекот кој го искажа триумфалното историско НЕ, со Јосип Броз Тито.

Во „Непокор“ видовме една квалитативно нова актерска игра без премисите на конвенцијалното идентифицирање, игра која говорејќи креира, движејќи се сугерира и го облагородува просторот. Артистите Петар Темелковски, Мите Грозданов, Димитар Зози и Ненад Стојановски остварувајќи се во синтезата на атмосферата со сонговите на Србо Ивановски, во интерпретација на Диме Поповски, покажуваат колку може јадрото на театарскиот чин да биде кохерентна материја која актерската уметност ја издигнува до нивото на овој историски однос во епохата во која југословенските народи и народности говорат со својата автентична сила, со реката на својот непокор.

Јордан Плевнеш

„НОВА МАКЕДОНИЈА“ Недела 25. XII. 1977

НОВИ ВИДУВАЊА

Кон „Непокор“ издадена во чест на Титовите јубилеи на сцената на Драмскиот театар

Текстот што го подготвил Пендовски инспириран е од делови на стенографските белешки од таканаречениот Бомбашки процес, од детали на Титовите контакти со некои државници во текот на војната и непосредно по неа и од изјави и настани околу неговата личност. Определбата е неслучајна. Одбран е периодот на многу драматични и судбоносни однесувања, контакти и одлуки. Во постапката се отишло и на атрактивни детали, недоволно важни за општо-политички аспект, но во режисерскиот третман на Љубиша Георгиевски иако останале недоследни за целиот тек на претставата, се наметнуваат како интересни сценски минијатури. Самиот приод е неконвенционален, па се наметнува со својата театарска условност, што е поставена како игра на четири момчиња кои со маски во рацете толкуваат една историјска импресија — прават политички театар. Решенијата се и едноставни и духовити, а пред се сценични.

Играта со чувство за трасформација и комуникативност ја градат на својствен начин артистите Мите Грозданов, Петар Темелковски, Димитар Зози и Ненад Стојановски. Нивниот ноншалантен тон и осмислена природност го сместуваат овој обид во ретките истражувања на овој вид материја.

Тука се и сонговите, често присутни во ваквиот театар. Со својот смисол и со нивото, тие ја водат линијата на поетскиот коментар, оправдувајќи ја во целост својата класична функција. По текст на Србо Ивановски нив ги компонирал Љупчо Константинов, а ги пее Диме Поповски.

Борко Зафировски

Одгласи во печатот од гостувањето на Драмскиот театар во Љубљана Загреб, и Белград

(Критики за претставите „Хамлет" и „Црнила")

Заради поголема прегледност, материјалот е распределен и издвоен според градовите во кои беа изведени претставите. Внатре пак, на прво место се наоѓа по една од најавите на гостувањето, потоа следат критиките поредени според дата на излегување во печат и на крај телеграмите — обавестување од дирекциите на театрите-домаќини за точниот број на посетители на претставите

Во текот на месец декември минатата (1977) година, ансамблот на Драмскиот театар гостуваше во наведените културни центри на Југославија. Турнејата од ред причини беше изведена за мошне кус период на време, од 9 до 15 декември, со тоа што во секој од наведените три града беа прикажани по две претстави: „Хамлет" од Шекспир во режија на Слободан Унковски и „Црнила" од Коле Чашуле во режија на Љубиша Георгиевски.

Претставите беа изведени на сцените на реномираните југословенски театри и тоа: во Љубљана на сцената на Словенско народно гледалишче, во Загреб „Хамлет" беше игран во Хрватско народно казалиште, а „Црнила" во Драмско казалиште-Гавела, во Белград „Хамлет" беше изведен во Народно позориште, а „Црнила" во Југословенско драмско позориште. Насекаде каде што гостуваше, ансамблот на Драмскиот театар беше топло примен, а организаторите домаќини покажаа голема грижа претставите да се одвиваат нормално. Самите изведби на Театарот беа проследени со внимание, а не мали беа одгласите по тој повод во печатот, било во вид на најави, информации или критики.

За сето време на гостувањето на Драмскиот театар, нашата културна јавност за жал ја немаше можноста целосно и поодблизу да се запознае со сите написи и критики што излегуваа ширум југословенскиот печат а чиј целокупен преглед единствено може да послужи како објективен показател за приемот на претставите на ДТС. Токму со намера да пружиме еден таков сестран и објективен приказ на приемот на претставите на Драмскиот театар ги објавуваме овде критиките што излегоа во југословенскиот печат или преку радио — на едно место и интегрално.

„ДЕЛО", ЉУБЉАНА 6. 12. 1977 год.

ХАМЛЕТ ОД СКОПЈЕ

При крајот на неделава во Љубљана прв пат ќе гостува Драмскиот театар од Скопје — „Црнила" од Коле Чашуле и „Хамлет".

Петок и сабота во љубљанска Драма ќе гостува Драмскиот театар од Скопје со „Црнила", дело од македонскиот автор Коле Чашуле и со „Хамлет" од Вилијам Шекспир. Пред првото гостување на овој виден македонски театар, којшто минатата година празнуваше триесет години од своето постоење, управата на Драмата при СНГ (Словенско народно гледалишче) вчера свика конференција за печат на којашто директорот на Драмата Полде Бибич зборуваше за значајот на гостувањето на скопските драмски уметници.

Коле Чашуле, автор на веќе многупати изведуваната акциона драма од историското револуционерно движење за ослободување на Македонија — „Црнила" — е роден во Прилеп 1921. год. Таму завршил основно училиште, а средно училиште завршил во Битола. Непосредно пред започнување на војната се запишал на медицински факултет во Белград. На 11. Октомври 1941. год. учествувал во вооружениот напад на полицискиот участек во Прилеп, а потоа соработувал во организирањето на атентатот на злогласниот полициски агент Мане Мачков, поради што бил осуден на казна затвор. По ослободувањето завземал повеќе новинарски, редакциски и дипломатски функции. Бил уредник на списанијата „Нов ден", „Современост", „Разгледи", бил директор на Македонскиот народен театар, директор на Радио—Скопје, и генерален конзул на СФРЈ во Торонто, Боливија и Перу.

Коле Чашуле уште од студентските денови пишува проза и драма. Зафаќа тематика од партизанската борба, настани од времето поминато во затвори и се навраќа во години на сопственото детство и младост. Има објавено неколку збирки новели и раскази. За театар напишал повеќе дела, меѓу кои: Задруга, Бразда, Вејка на ветрот, Црнила, Вечер, Градскиот часовник, Игра или социјалистичка Ева, Карибски министер, Вител, Партитура за еден Мирон... Неговите драми се изведувани во сите повидни југословенски театарски куќи. Драмата „Црнила" е во режија на Љубиша Георгиевски, а од артистите треба да се спомене Ацо Јовановски, кој е годинешен добитник на 11. Октомвриска награда.

Скопските уметници в сабота ќе ни се претстават со современо поставен „Хамлет" и со Мето Јовановски во насловна улога. Режија е на Слободан Унковски, а пак делото е втор превод од Богомил Ѓузел. Треба да се истакне, дека словенечките љубители на Хамлет ќе имаат можност не само да се запознаат со македонската режија на ова секогаш привлечно дело, туку во Љубљана ќе настапи како гостин годишниот добитник на наградата АВНОЈ, Илија Џувалековски — во улога на Клаудие.

„Драмскиот театар" од куклен и младински театар се развил во мошне сакан театар „за возрасни". И покрај големите елементарни непогоди — поплавата од 1962 год. и земјотресот една година понасно — дури и тогаш не прекина со својата уметничка порака, така што до сега има изведено приближно 170 премиери, од што голем дел се југословенски, односно, од македонската драматургија. Во последниве години Театарот гостувал во Бугарија, Романија, Полска, Чехословачка, Јужна Америка и во Париз на годинешниве театарски денови. Со ова свое гостување во Љубљана Драмскиот театар од Скопје започнува поширока турнеа низ Југославија (Загреб, Белград), а потоа скопските уметници ќе заминат за Полска.

М. З. (превод — Бистрица Миркуловска)

„ВЕЧЕР" 11. XII. 1977

ПОДЕЛЕНИ МИСЛЕЊА ЗА СКОПСКИТЕ ПРЕТСТАВИ

Членовите на Драмскиот театар од Скопје во петок и во саботата во Љубљана ги изведоа претставите „Црнила" од Чашуле и „Хамлет" од Шекспир

Љубљана, 12 декември, по телефон. — Првпат од своето постоење членовите на ансамблот на Драмскиот театар од Скопје во петокот и во саботата со голема професионална и уметничка подготвеност престојуваа во Љубљана и пред љубителите на театарската уметност во главниот град на СР Словенија се претставија со изведбата на две претстави од својот тековен репертоар. На сцената на Словенечко народно гледалишче, еден од најстарите театри во СР Словенија, две вечери по ред скопските драмски уметници низ силата и сугестивноста на македонската сценска драмска реч ги изведе „Црнила„ од Коле Чашуле, во режија на Љубиша Георгиевски и трагедијата „Хамлет" од Шекспир, во режија на Слободан Унковски.

Членовите на Драмскиот театар од Скопје ова дводневно гостување во Љубљана го реализираа во рамките на Меѓурепубличката културно-театарска соработка меѓу СР Македонија и СР Словенија. Добрите и внимателни

проследувачи на културно — театарските настани во нашата Република ќе се потсетат дека контактите на словенечките и македонските театарски работници, кои досега со години отсуствуваа, во почетокот на оваа театарска сезона почнаа мошне пријателски и творечки. Во почетокот на септември годинава, само да потсетиме, во Скопје гости беа членовите на Словенечкото нардно гледалишче и на Младинско гледалишче од Љубљана и со трите претстави што ги изведоа сцените во Драмскиот и Македонскиот народен театар во значителна мерка придонесоа за збогатување на театарскиот и воопшто културниот живот во Скопје и во Републиката.

Сегашново дводневно гостување на скопските драмски уметници во Љубљана доаѓа како резултат на взаемно изразената желба за што почести контакти и меѓусебно зближување и запознавање меѓу двете национални култури на планот на театарските достигнувања и дострели.

Во изминатите три децении на слободен социјалистички развој на нашата збратимена југословенска заедница податоците не уверуваат дека контактите на полето на културата, посебно контактите меѓу театарските институции меѓу СР Македонија и СР Словенија, биле минимални, дури и симболични. Досега македонските драмски ансамбли пред љубљанската публика во изминатите три децении настапиле се на се само трипати, додека пак љубљанските театри во Македонија гостувале се на се двапати(!?) Овие податоци, навистина се фрапантни и делуваат зачудувачки. Но, тоа било во минатото. Еве, оваа театарска сезона „мразот се разби" и почна едно ново поглавје во контактите меѓу двете републички театарски средини. Скопските драмски уметници две вечери по ред во салонот на Словенечкото драмско гледалишче во Љубљана беа поздравени и примени топло и срдечно, пријателски и гостопримливо. Посебно тоа го почувствувавме од домаќините — артистите на Словенечко драмско гледалишче. Во овој извештај „со тешко срце" ќе спомeнеме и неколку отворени прашања за кои е тешко да се најде одговор. Но, мора да се констатира дека и двете претстави „Црнила" и „Хамлет беа играни пред мошне мал број гледачи. Имавме впечаток дека гостувањето на Драмскиот театар од Скопје во Љубљана беше настан само за театарските сладокусци, отколку за поширокaта театарска публика. За да го поткрепиме овој впечаток ќе ги изнесеме податоците дека на изведбата на „Црнила" присуствуваа само стотина гледачи, додека на „Хамлет" таа бројка беше нешто малку поголема. Читателот за да има објективна претстава што значеа тие стотина гледачи, ќе го спомeнеме податокот дека салонот на Словенечко драмско гледалишче собира околу 600 гледачи, така што не е тешко да се претпостави или да се замисли сликата во театарската сала пред која настапија скопските артисти.

Инаку, меѓу гледачите забележавме и најистакнати словенечки личности од општествениот, политичкиот и културниот живот на СР Словенија. На првата вечер на изведбата на „Црнила" присутсвуваа, меѓу другите, и Сергеј Крајгер, претседател на Претседателството на СР Словенија, со сопругата, Лидија Шентјурц, Маријан Брецељ, претседател на Собранието на СР Словенија, Августин Лак, потпретеседател на Извршниот совет на Собранието на СР Словенија, академикот Јосип Видмар, и други истакнати личности.

За малиот број посетители на театарските претстави побаравме одговор од познатиот словенечки театролог Ладо Краљ, кој моментно во Словенечкото народно гледалишче размислува да состави општојугословенски репертоар што ќе биде приемчив за сите средини во нашата земја, зашто според него, досега словенечкиот театар бил прилично затворен. Тој ни рече дека ваквиот број посетители во нивниот театар е вообичаен и дека толку луѓе доаѓаат и на другите претстави. Тој истакна дека може да се очекува поголемо интересирање меѓу словенечката публика само тогаш ако во нивниот град гостуваат ансамблите на популарните театри „Ателје 212" од Белград и „ИТД" од Загреб.

Инаку, оние гледачи што ги следеа двете скопски претстави имавме впечаток дека покажаа мошне големо интересирање. Од контактите со повеќето гледачи, како и од разговорите со неколку истакнати словенечки театарски луѓе добивме впечаток дека мислењата за скопските претстави се поделени. Но сепак официјалниот став ќе треба да го сочекаме додека се искажат театарските критичари во словенечкиот печат.

Скопските артисти вчера наутро отпатуваа од главниот град на Словенија и својата југословенска турнеја денес ќе ја продолжат во Загреб каде на сцената на Хрватското народно казалиште и на сцената на Драмското казалиште „Гавела" ќе ги изведат, исто така, „Хамлет" и „Црнила".

Петре БАКЕВСКИ

„ДНЕВНИК" (ЉУБЉАНА) 13. 12. 1977

ЦРНИЛА И ХАМЛЕТ

Програмата со која Драмскиот театар од Скопје дојде на гостување во Љубљана секако беше мошне репрезентативна и со мошне амбициозни драмски компоненти. Првата вечер, во петок, гостите од Скопје се претставија со својата реализација на драмата „Црнила" од афирмираниот македонски драмски писател Коле Чашуле, а во режија на Љубиша Георгиевски, следната вечер настапија со Хамлет од Шекспир, препев од Богомил Ѓузел и во режија на Слободан Унковски. Како што се случува често, драмската куќа каде што настапуваа гостите од Скопје, и овој пат не беше исполнета, што не може да се оправда со слабо или недоволно информирање. Што се случува со театарската публика во Љубљана? Дали е во таков викендашки занес, па од вкоренети навики да не може да ја одвлече ниту така привлечен репертоар каков што го најавија и реализираа артистите од Скопје? Мотивација за недоаѓање не може да биде не

познавање на јазикот, барем кога се однесува за Хамлет.

ЦРНИЛА (што од контекстот може да се свати и со значење — сенки, зли наслутувања, мракови, мачни размисли) првпат изведена 1961. год. претставува еден од најуспешните македонски драмски текстови — во повоената драма и земено општо; на сцената во Љубљана ја гледавме втор пат. Всушност, по земјотресот во 1963 год. кој со тешки несреќи го погоди Скопје, Македонскиот народен театар гостуваше во Љубљана (јануари 1964 год.) со „Покојник" од Нушиќ, „Свадба" од Лорка и „Црнила" од Чашуле, со Петре Прличко и Илија Џувалековски во насловни улоги. Овој пат Џувалековски, годинешниот добитник на наградата АВНОЈ, настапи во „Хамлет", во улога на Клаудие.

Во „Црнила" од Чашуле е прикажана група македонски терористи, со кои раководи бугарскиот платеник Луков, но во нив наоѓаат одраз историските настани во Софија од 1921 год. Централен драмски заплет се одвива околу младиот ликвидатор, кој по заповед на Луков го убива сопствениот младешки идеал — револуционерот Ѓорче Петров, а тоа го открива дури откако го извршува убиството. Сегашнава режија на Љубиша Георгиевски, се разбира, не се занимава со историските компоненти, туку изразито ги акцентира психолошките компоненти на поедини актери и нивните меѓусебни односи, при што, пред се ја потенцира моќта на Луков, водач на терористите. Со поривна психичка напетост него го одигра Петар Темелковски, додека Ацо Јовановски интересно го одглуми терористот Фезлиев, внесувајќи комично иронична компонента во играта. И така, врз косо поставената сцена, со рамка од ножеви забуцани во присуство на гледачите и врз постилка од овчи кожи се одигра драмата на ликвидаторите и акција со сите стравотии, до нивната апсурдна смрт. Тежиштето на претставата, да речеме, остана врз силно истакнатата анализа на психолошки релации помеѓу терористите. Претстава што се вврстува меѓу оние што трагаат по театарски израз.

Истото се однесува и за „Хамлет", во режија на Слободан Унковски и со насловна улога со Мето Јовановски, виток и еластичен артист. И оваа претстава беше во судир со прашањето што постојано се наметнува — како денес да се изведува класиката и тоа во еден простор кој е многу оддалечен од пораката и од амбиентот во каков што настанала оваа позната драма. Драмскиот театар од Скопје оваа Шекспирова трагедија ја изведува врз апстрактна сценска конструкција на сценографот Миодраг Табачки, врз конструкција на разнишани и подвижни нивоа и подиуми, со костими што не можат да се вврстат во ниедно време и стил, освен сцените околу „стапици за глувци" кога артистите ја започнуваат психолошката игра, се изведени во некакви стилизовани историски костими. Во ваквата костимска трансформација, всушност, гледачот не открива реалност туку спектакуларност. Меѓутоа, комплетната реализација искажа одредена водечка замисла: да се следи, колку е можно, поприродно непосредно театрално зборување, говорната интерпретација на текстот да ги осмислува поедините секвенции, носители на пораката. Произлегуваше комплетно од спротивставувањето на Клаудиева игра и Хамлетова антиигра. Во глумата на Илија Џувалековски доминантната силина се изразуваше со имозантната става на овој силен артист, додека Мето Јовановски, со издолженета и еластична става, ја изразуваше силината на мислата, Хамлетовиот неспокоен, разболен и непрестано раздвижен дух, приклештен во Данска-зандана. Така концепирана претставата беше целосно напната и интересна, само во некои случаи навлезе во прекумерни крајности на пример кога гробарот седна врз черепот или кога Хамлетовата пресметка со кралицата помина во бес; ова беа драстични скици и некаква затегната психоза, степенувана до онаа крајна театралност, што самата си го одзема ефектот.

Со двете претстави Драмскиот театар од Скопје ја потврди и афирмира големата креативна волја, заитана во чекор со времето, што воедно низ сопственото артистично создавање сака да внесе, колку е можно, повеќе национална и просторна автентичност.

И покрај споменатите размислувања што се од естетска природа, врз присутните во Драмската куќа таквата волја делуваше сугестивно.

Франце ВУРНИК
(превод — Б. М.)

„ДЕЛО" (ЉУБЉАНА) 13. 12. 1977 год.

ДРАМСКИОТ ТЕАТАР ОД СКОПЈЕ ВО ЉУБЉАНА СЕ ПРЕТСТАВИ СО СОВРЕМЕНАТА ДРАМА „ЦРНИЛА" НАПИШАНА ОД К. ЧАШУЛЕ И СО „ХАМЛЕТ"

Драмскиот театар од Скопје, најверојатно, со своето гостување во Љубљана (а потоа уште и во Зегреб и Белград) сакаше да ги покаже плодовите од своето триесетгодишно зреење. Неговата куса историја е вонредно интересна и драматична, всушност, за него е карактеристична постојана борба за постигање на театарски вредности во рамките на современата македонска култура. Драмскиот театар од Скопје е установа со многу лица, зашто во негoвите пазуви делуваат: Куклен театар, Младински театар, Мала сцена, Експериментална сцена и Вечерна сцена. На тие сцени во триесетгодишниот период беа изведени 165 премиери, од кои 72 дела се од домашни автори, односно, 42 дела се македонски. Само овој податок зборува дека репертоарната политика на Драмскиот театар од Скопје е усмерена кон домашното драмско творештво, а со тоа и кон обликување на домашен, својствен театарски стил. Во битката за тој стил учествуваа 107 артисти, 54 режисери, 43 сценографи, 32 костимографи, 47 композитори и музички илустратори, 8 кореографи и редица други соработници. Податокот, дека во оваа театарска куќа осуммина млади режисери изведоа дипломски претстави укажува на нејзината младост, свежина и на вонредни можности за натамошен развој.

Драмскиот театар од Скопје дојде во Љубљана со две претстави: со домашната драма „Црнила", што ја напиша најплодниот, најуспешниот и, се разбира, најчесто изведуваниот современ македонски драмски писател Коле Чашуле, и со највисокиот, најзагодочниот и најубав текст од светската театарска класика — со „Хамлет" (во Македонија прв пат поставен на сцена).

Размислувајќи за двете претстави се запрашуваме дали да напишеме извештај за љубовта и радоста со какви што ги пречекавме гостите од Македонија на сцената на љубљанската драма, за празникот што ни го приредија со својата посета и за потреба од измена на меѓусебни искуства — или пак критика што не сака да и се покори на домаќинска љубезност и меѓурепубличкиот бонтон.

Најнапред треба да се констатира вистината, што се однесува за двете претстави, дека видовме театарска култура, што насекаде грчевито бара узори, од секаде присобира со поголема или помала некритичност и со таквото присобирање понекогаш бесмислено и безначајно се кити. Попусто копнежливо чекавме од сцената да ја доживееме изворната црта на современата македонска театарска уметност, по толку време разбудена во една креативна светлина.

Да ги погледнеме само „Црнилата" од Коле Чашуле. Станува збор за комплицирани, драмско вонредно зајазлени и напнати односи меѓу терористи во неодамна изминатата македонска историја, а што алудира (на посебен начин) кон актуелните проблеми на тероризмот во светот. Всушност, се работи за материја веќе обработена од Сратр во „Валкани раце" и „Незакопани мртовци", а посебно кај Ками во „Справедливите", како и кај нашиот П. Козак во „Афера". Сето — воглавно — е познато. Никаква нова, својствена иницијатива. Егзистенционалистичка драматургија во македонско поднебие, со некакви нови акценти на свирепост.

Нешто слично може да и се префрли и на режијата на Љубиша Георгиевски. Од психолошко-философското подрачје, кајшто всушност го живее својот природен живот, претставата ја изнасили во современа режиска интерпретација, во каква — пред се — може да се согледаат траги на терор на суровост и тежок симболизам. (Игра со ножеви, поворка со мртовечки сандаци, груби физички пресметки, грамаден часовник што бесмислено одбројува лудо време... и најнакрај ветерот — се однесува). Се е познато. Се веќе видено. Она што кај двете претстави посебно вознемирува, како во „Црнила" така и во „Хамлет", е костимографијата и општо земено — ликовната слика на артистите. Дали се работи за свесно изразување на невкус и безмилосна анархија во употреба на бои — каква што е позната на нашиот полуостров во последнава деценија, откако во облекувањето се оттргна од националните обичаи и се зачлени во Европа, или пак обата костимографи (Рада Петрова-Малкиќ и Елена Дончева-Танчева) се жртви на некакви естетски недоразбирања, со какви и ние не можеме да се согласиме. Чувствителните на боја посебно ги дразнат костимите во „Црнила" Мешањето на костимските стилови во „Хамлет" би можело да се оправда со замисла, дека „Хамлет" е игра на сите времиња и на сите подрачја, но сепак, чиста вистина е дека претставува игра на вонредно складна естетика.

Исто така, покајнички треба да констатираме дека генијалната сцена на Миодраг Табачки за Хамлет измислена составена од стапици за глувци е преизнасилена, па со симболичност и техничко-инжинерска поставеност со многу нешто ја задушува вонредно смелата режија на Слободан Унковски. Можеби токму поради таа оригинална сценографија повеќето дејствија ја загубијата својата драматичност и театралност, некои беа излезени на преден план повеќе одошто сме свикнати, додека некои потполно се изгубија на сцената. Сценографијата, очигледно им пречеше и на артистите, па поради прекумерна гимнастика, наметната од сценографијата, понајчесто им диктираше посебен стил на глума. Тоа ја разбиваше и комплетната усогласеност на ансамблот. Се работи воглавно за два артистички стила (што е забележително и низ сета Југославија) — стил на постара „класична" екипа, каков што презентира Клаудие (Илија Цувалековски — Полоние (Ацо Ѓорчев), Првиот артист (Димитар Гешовски) и тн. и артистични стил на „помодерна" екипа — Хорацие (Стево Спасовски), Лаерт (Благој Чоревски), Гилденстер (Димитар Зози), Розенкранц (Ненад Стојановски) а посебно улогата на Хамлет, толкувана од Мето Јовановски. Секако, „Хамлет" претставува интересен, ризичен и смел обид достоен за вистинско полемичко внимание.

Таквото внимание, секако, го заслужуваат и „Црнилата".

Всушност, не е можно да се скрие основното чувство: дека гледаме две претстави што со преголем занес, па затоа и непотребно, се вклучени во пронаоѓање и изнаоѓање на современи режисерски и артистички стилови, бидејќи немаат основа да се вклучат во нив. Со други зборови, би можеле да речеме дека во двете претстави отсуствува жар и настојување за обликување на изворни карактеристики на македонскиот театар. Од млада, жива „ренесансна" култура, каква што во овој момент е на показ во Македонија, со право очекуваме и соответен театар.

ЈОЖЕ ЈАВОРШЕК
(превод — Б. М.)

„НОВА МАКЕДОНИЈА" 14. XII. 1977 г.

УСПЕХ НА „ЦРНИЛА"

— „Хамлет" не го задоволи вкусот на публиката

По првите взаемни гостувања на филхармониските оркестри дојде и до меѓутеатарска размена меѓу културните центри на Словенија и Македонија. По гостувањето на Драма од Љубљана во Скопје во почетокот на оваа година, на 9 и 10 декември на љубљанската

драмска публика за првпат и се претстави Драмскиот театар од Скопје, со две хронолошки и тематски мошне различни драмски дела: „Црнила" од Коле Чашуле, во режија на Љубиша Георгиевски и „Хамлет" од Шекспир во режија на Слободан Унковски.

Гостувањето на Драмскиот театар беше очекувано и следено со голем интерес иако љубителите на драмската уметност имале можност повеќе пати да ги следат гостувањата на македонските драмски уметници. Организаторите и публиката топло ги примија нашите уметници. Во таа смисла организаторите — домаќини во чест на гостите на 9 декември приредија другарска средба.

„Црнила" од Коле Чашуле во режија на Љубиша Георгиевски беше новост за ова јазично подрачје со мошне високи драмски критериуми. Мошне одбраната публика, меѓу која и д-р Маријан Брецељ, Сергеј Крајгер, д-р Августин Лах, академикот Јосип Видмар и други реномирани политички и театарски личности, реагираше спонтано, наградувајќи ја со топол аплауз и цвеќе комплетната актерска екипа, што значеше дека јазичниот проблем е премостен, а тематиката сфатена. Притоа голема заслуга имаа секако, самите актери, режијата, сценографијата, костимот и останатите уметнички и технички соработници.

„Во минатото сме виделе повеќе драмски дела од македонски автори — рече драматургот на љубљанската Драма — „Црнила" беше претстава на високо ниво. Во неа беше доловен проблемот на терористичкиот апсурд што беше главен проблем кој лебдеше меѓу „сценските светла,'. Јасно е, рече тој понатаму, дека штом станува збор за апсурд веќе сме кај Сартр и неговото филозофско толкување на природата на човековото определување, но не само по идејата, туку и по естетика. Поединечните ликови беа многу исцрпно и јасно прикажани — од најмладиот па до најстариот. Што се однесува до играта и режијата се беше многу добро и префинето. . .

Управникот на љубљанската Драма Бељански успехот на „Црнила" го потврди со следните зборови: „Режисерот Љубиша Георгиевски со ова дело покажа зрелост. Низ „Црнила" ни покажа не само гола терористичка акција туку дел од историјата на македонскиот народ која е актуелна и денес и идентична со историите на многу други народи со слична историска судбина, која особено дојде до израз во мошне симболичниот крај на играта. Ликовите беа јасно окарактеризирани, а особено би ја издвоил притоа креацијата на Ацо Јовановски кој со малку текст создаде одличен лик".

Како да не беше потребна најавата со програма на втората драма „Хамлет" од Шекспир. Јазичната бариера беше веќе пробиена, но оваа вечер во центарот на вниманието беа режијата, сценографијата и костимографијата иако интерпретацијата на ликовите не заостануваше зад нив. Да се прикаже модерен „Хамлет" во средина со одредени „Хамлетови критериуми" за целата екипа претставуваше меч со две острици. Така и се случи.

Љубителите на класичниот театар претставата ја напуштија скоро незадоволни од режисерот, а особено сценографот и костимографот, препишувајќи му недоследност на костимографот (Елена Дончева-Танчева) и нефункционалност на сценографот (Миодраг Табачки) а недоволна умешност на режисерот (Слободан Унковски). Но, не изостана спонтаниот аплауз на публиката кој им беше наменет на младите актери: Офелија (Ленче Делова), и на крајот и на Хамлет Мето Јовановски. Критичниот осврт — прилог во телевизискиот дневник ги потврди мислењата на поголемиот дел од публиката споредувајќи ја оваа изведба со последната англиска верзија на „Хамлет", давајќи и притоа предност на претставата на драмските уметници од Скопје.

Елица Ѓорѓиева

Непосредно по објавувањето на горниот напис во „Нова Македонија" ја добивме следната телеграма од авторот:

51321 з скп
31112 а љб
72/1147
љубљана/61106 38 18 1710

драмски театар скопје
дирекција нас карпош

заради некомплетното објавување на коментарот за хамлет дошло до промена на значението на текстот и до погрешна формулација на поднасловот стоп следи јавна исправка стоп поврзете се со редакција
јелица ѓорѓиева порента

51321 в скп
31112 а љб
172/82912
љубљана 19 19 1356

драмски театар
скопје

на представи црнила било је присутно 213 гледаоца а на представи хамлета 342 гледаоца
драма љубљана

„VIJESNIK" ZAGREB, 12. XII. 1977

GOSTOVANJE DRAMSKOG TEATRA IZ SKOPLJA

PRVI SKOPSKI „HAMLET" U ZAGREBU

Zagreb (T. T.) — Na gostovanju Dramskog teatra iz Skoplja u Zagrebu je prvog dana u nedelju ansambl izveo „Hamleta" V. Šekspira u Hrvatskom narodnom kazalištu, a danas, u ponedeljak izvodi „Crnila" Kole Čašula u Dramskom kazalištu Gavela. Na konferenciju za novinare u nedelju ujutru pružila se prilika da se progovori i o razlozima koji priječe da ovakvih gostovanja nema više, iako u kazalištima postoji dobra volja.

Ovo gostovanje je treći susret ansambla Dramskog teatra sa zagrebačkom publikom koja je dosad imala prilike vidjeti izvedbe „Pokojnika", „Makbeta" i „Utjecaj gama zraka na sablasne nevene".

Na pozornici Hrvatskog narodnog kazališta prije petnaestak godina već su igrana „Crnila" jednog od najpoznatijih makedonskih autora Kole Čašula, koja je tada režirao Ilija Milčin. Ovo je prilika da poznavaoci teatarskog života usporede dvije izvedbe istoga teksta, koje, sudeći prema riječima sudionika predstave, imaju malo zajedničkog jer je režiser Ljubiša Georgijevski drugačije „čitao" tekst prilikom postavljanja na scenu.

Predstava „Hamleta" Dramskog teatra bio je veliki dogadjaj za skopski kazališni život i samim tim što je to bila prva predstava ovog Šekspirovog teksta od strane jednog skopskog teatra.

— Igrati „Hamleta" pred zagrebačkom publikom koja je imala prilike vndjeti više različitih izvedaba i od glumaca koji su tumačenju tog lika dali lični pečat, veliko je iskušenje, rekao je režiser predstave, Slobodan Unkovski. Ne igra se u povjesnim kostimima, niti je predstava klasično postavljena. Namjera nam je bila pokazati probleme koji prate suvremena čovjeka, njegove dileme i mogućnost da djeluje u društvu. Naš Hamlet nije u dilemi ubiti se ili ne, već se on nastoji prilagoditi sredini u kojoj živi.

„Hamlet" je dosad petnaest puta igran i publika ga je izvrsno primila. Klaudija u „Hamletu" glumi glumac kojeg izvrsno poznaje zagrebačka publika i pred kojom je nastupao devet godina. Ilija Džuvalekovski. Dobitnik ovogodišnje AVNOJ-eve nagrade također je istakao potrebu da ovakva gostovanja budu učestalija, jer, ovakvi nastupi, pogotovu ako su pretstave dobre, koristi više zbližavanju naroda.

Početkom siječnja Dramski teatar iz Skoplja koji već trideset godina uspješno djeluje i koji je primio Orden zasluga za narod sa zlatnom zvijezdom odlazi na gostovanje u poljske gradove Krakov, Lođ i Varšavu.

„ВЕЧЕР" 13. XII. 1977

ПОФАЛБИ И КРИТИКИ ЗА „ХАМЛЕТ"

Шекспировото дело прикажано во Хрватско народно казалиште во Загреб

Загреб, 13 декември. — Скопските драмски уметници, членови на Драмскиот театар, завчеравечер, во рамките на својата југословенска турнеја, настапија на величествената и моментно најубава театарска сцена во нашата земја — во Хрватското народно казалиште во Загреб. Тие овојпат контактот со загрепската публика се обидоа да го воспостават со изведбата на трагедијата „Хамлет" од Шекспир, во режија на Слободан Унковски, а со Мето Јовановски во насловната улога.

Скопските артисти во Загреб допатуваа од Љубљана и тоа непосредно пред претставата, зашто оваа седумдневна југословенска турнеја е така концептирана што членовите на Драмскиот театар немаат ниту еден слободен ден.

Скопските артисти пред загрепските гледачи, ми се чини, играа со помал занес отколку во Љубљана. Се чувствуваше извесна деконцентрација во ансамблот, додека мошне видлива беше техничката непрецизност во функционирањето на сценографијата.

Имавме впечаток дека првиот скопски „Хамлет" кај оние што го проследија предизвика извесна провокација. Се чини дека се повтори она од Љубљана: мислењата на гледачите се поделени. Разговарав со неколкумина гледачи веднаш по завршувањето на претставата и повеќето искажаа позитивно мислење за изведбата, додека во контактите и разговорот со неколку загрепски театарски критичари добив впечаток дека претставата не им се допаднала.

На претставата дојде и познатиот загрепски артист Раде Шербеџија, човек на кого една од животните театарски улоги му е токму Хамлет.

Да забележиме и тоа дека извесно осипување на публиката во салонот настана во вториот дел од претставата. Сепак, оние што до крајот останаа во салонот и внимателно го проследија настапот на скопските артисти на крајот громогласно ракоплескаа. Покрај Мето Јовановски како Хамлет, во изведбата настапија и Илија Џувалековски, Ленче Делова, Ацо Ѓорчев, Лилјана Георгиева, Благоја Чоревски и други.

Петре Бакевски

„ВЕЧЕР" 14 декември 1977 година

КОМПЛЕМЕНТИ ЗА „ЦРНИЛА"

Драмата на Коле Чашуле беше прикажана во драмското казалиште „Гавела" во Загреб

Загреб, 14 декември. — Вториот настап во Загреб, членовите на Драмскиот театар од Скопје го претворија во успех. Завчеравечер скопските артисти настапија на сцената на Драмското казалиште „Гавела" со изведбата на драмата „Црнила" од Коле Чашуле, во режија на Љубиша Георгиевски и добија громогласни и долготрајни аплаузи од загрепска-

та театарска публика која со задоволство ја прими и прифати нивната изведба.

Меѓу гледачите беше и републичкиот секретар за култура на Хрватска д-р Стипе Шувар, кој по завршувањето на претставата им го чести та успешниот настап на скопските драмски уметници. Честитајќи им ја изведбата на „Црнила", Стипе Шувар пред ансамблот на Драмскиот театар рече дека е мошне задоволен од претставата и дека таа му се допаднала.

За оваа изведба на „Црнила" посебно интересирање владееше кај театарските луѓе од Загреб, зашто драмата на Чашуле во овдешните театарски кругови е добро позната. Имено, пред 15-тина години „Црнила" е играна на хрватско-српски јазик на сцената на Хрватско народно казалиште, во режија на Илија Милчин, така што сегашнава нова верзија на „Црнила" беше добар повод за споредба.

Така во контактите по претставата имавме можност да слушаме само пофалби и комплименти за изведбата на „Црнила". Познатиот загрепски артист Фабијан Шоваговиќ одушевено им пријде на скопските артисти со зборовите: „Ова е блескаво". Потоа тој рече дека се сеќава на „Црнила", но дека оваа изведба му е посугестивна и поавтентична.

Критичарот на „Вјесник" Далибор Форетиќ беше сосема дециден. Тој ни рече дека „Црнила" е добра претстава, работена е студиозно и со една оригинална режисерска инвенција на Љубиша Георгиевски.

Вакви и слични мислења слушнавме од повеќе загрепски критичари и артисти. Публиката не го штедеше топлиот и срдечен аплауз за скопските артисти: Петар Темелковски, Мајда Тушар, Ацо Јовановски, Благоја Чоревски, Ненад Милосављевиќ, Диме Илиев и Јон Исаја, кои навистина дадоа се од себе и играа во еден колективен актерски занес, што го претворија во вистински успех.

По завршувањето на претставата, домаќините -артистите на Драмското казалиште „Гавела", приредија прием за скопските колеги на кој долго и со многу комплименти се говореше за Чашулевите „Црнила".

Петре Бакевски

„VIJESNIK"
16. XII. 1977

TEATAR MODERNOG SENZIBILITETA

Gostovanje skopskih dramskih umjetnika sa Šekspirovim „Hamletom" i Čašulovim „Crnilima" u Zagrebu

Gostovanje skopskih dramskih umjetnika sa Šekspirovim „Hamletom" i Čašulovim „Crnilima" u Zagrebu

Dramski teatar iz Skoplja je prije godinu dana navršio tridesetljeća postojanja. Razvivši se iz nekadašnjeg lutkarskog i dječjeg kazališta (i do danas ne zapustivši ni te svoje funkcije), Dramski teatar je postao jedna od najuglednijih makedonskih i jugoslovenskih kazališnih kuća, zabilježivši u svom stasanju zaista impozantne rezultate: izvelo je 165 premijera (od toga 72 domaćih pisaca, a od tog broja 42 djela makedonskih autora) koje je na 5750 predstava vidjelo više od dva milijuna gledalaca. Ansambl je dobar poznanik s mnogih jugoslovenskih festivala, na kojima je, naročito poslednjih godina, pobrao nekoliko značajnih priznanja, ali uza sve to nešto skromnije bilježi gostovanja: u okviru turneje na kojoj se sada nalazi, Dramski teatar je prvi puta gostovao u Ljubljani, a treći puta u Zagrebu.

Kao mlado kazalište, Dramski teatar je beskompromisno krenuo u traganje za osobenim suvremenim scenskim izrazom. I na ovom gostovanju on se predstavio kao teatar izrazito suvremenog senzibiliteta, izvevši dvije predstave u kojima se osjeća snažan redateljski autorski pristup, pa su, unatoč suvremenosti mišljenja, posve oprečne u načinu na koji pokušavaju doći do scenskih rezultata. U Hrvatskom narodnom kazalištu izveden je 11. prosinca Šekspirov „Hamlet" (prepev Bogomil Djuzel, režija: Slobodan Unkovski, scena: Miodrag Tabački, kostimi: Elene Dončeva-Tančeva, glazba: Ljupčo Kostantinov), a slijedeće večeri u Dramskom kazalištu Gavela „Crnila" (Trine") Kole Čašula (režija: Ljubiša Georgievski, scena: Branko Kostovski, kostimi Rada Petrova-Malkić, muzička ilustracija: Andrej Beljan).

NA TRAGU HAMLETA NAŠEG DOBA

Činjenica je da je ovaj „Hamlet" prvo izvodjenje ove Šekspirove tragedije u makedonskom kazalištu da je izveden u novom prepjevu Bogomila Djuzela, koji je kazalištu primjerniji od starijeg prepjeva Ace Šopova, nije opteretila reditelja Slobodana Unkovskog da otplaćuje hipoteku prošlosti. U svom traganju on polazi od jedne ispravne konstatacije da je Hamlet junak našeg vremena. Drugo je pitanje dali ovo naše vrijeme već ima tako konstituiranog junaka koji bi valjano mogao naslijediti onaj famozni Kottov model Hamleta pedesetih godina.

Da kažem odmah: ne vjerujem da je takvoga junaka ni Unkovski pronašao. Njegovo propitivanje je oprezno, kao da je svjestan na kakvom se glibovitom i skliskom putu nalazi. Sa scenografom Miodragom Tabačkim učinio je sve da mu scena bude funkcionalna, a istodobno poetizantna i jednostavna: konstrukcija od dasaka, bliještava u početku u svom skladu i vitkosti, koja svojom krhkošću naizgled jedva da održava ljude koji na njoj igraju svoju igru oko vlasti, tako da se oni moraju kretati na njoj poput plesača na krestama valova, otkriva postupno svoju grozomornu mašineriju koja je mijenja i izobličava, da bi na kraju došao Fortinbras koji će uklonivši leševe, s nekoliko udaraca bičem ponovo dovesti sve u prvobitni sklad i red koji ipak, u gledaočevu iskustvu, neće više biti ono što je u početku bio.

Unkovski ne nameće glumcima što bi trebali igrati, već im nenametljivo sugerira naznake, razgradjuje s njima mogućnosti. Zbog toga je u ovoj predstavi toliko i stilski i koncepcijski raznorodnih kreacija. U scenskoj uverljivosti i krepkoči najviše je postigao Ilija Džuvalekovski kao Klaudije, premda mi se njegova gluma čini odviše realističnom za ovako koncipiranu pretstavu. Njoj je bliža Liljana Georgievska u ulozi Gertrude koja je unutrašnje lomove uspjela iznivelirati vanjskom hladnoćom, maskom kroz koju tek u smrtnom času izbije strepnja i očaj.

Ofeliju Lenče Delova zapamtit ćemo po onoj tužnoj sjetnoj melodiji koju pjeva prilikom svog posljednjeg izlaska na scene: iz ludila punog buke i bijesa, ona tako skončava kao nježna, patnička poetična Ofelija.

Najviše ostavlja misliti sam Hamlet. Mete Jovanovskog. Polazi u njega iz jednog gotovo privatnog sveta, kao da se reči koje izgovara ne tiču nikog do njega samog, da bi na trenutke dosegao erupcije snage koje

prete prije da rasprsnu njega nego svijet koji ga okružuje, da je izmedju te privatnosti i te eruptivnosti bio argumentiranijeg prijelaza, verovatno bi smo mogli govoriti o jednom solipstičkom Hamletu koji opipava zidove vlastitog tjela u težnji da izadje iz njega kako bi uglavio ili razglavio svjet, svejedno. Zbog svega toga, u prestavi se više oseća suvremeni senzibilitet nego što se on postiže kao konačni rezultat, kao zrenje jedne kolektivne ideje. Ova pretstava »Hamleta« je dobro mišljena, ali ne i do kraja domišljena prestava.

NOŽEVI I VALCER

Ako nas je Unkovski dugo mučio da dokučimo princip njegove predstave, Ljubiša Georgievski je u Čašulovim »Crnilima« odmah bacio karte na sto. Čim započne predstava, jedan čovek izlazi na scenu s noževima na pladnju i polako, s ritualnom odmerenošću, ali uz taktove valcera, zabija ih u pod, obilježivši njima na scenu krug. Istodobno, u dubini scene počinje da se njiše jedno folklorno stilizirano klatno koje će svoj neumitni hod nastaviti sve do kraja pretstave (i povremeno zasmetati, odvraćajući pažnju od zbivanja na sceni). Noževi, valcer, klatno? Da, Georgievski već temeljnim scenskim metaforama želi da pokaže lom koji »Crnila« postepeno iznose na vidjelo: sraz između patrijahalnog, gorštačkog etosa i frivolne građanske civilizacije, koji mora završiti u terorizmu, te pražnjenje prvotnih revolucionarnih naboja jedne ideologije kojima se neminovno zatvara krug, vodeći čovekaubeznađe i očaj. Georgievski bez sumnje točno pogađa emotivnu situaciju junaka Čašulove drame koja se temelji na povjesnom događaju, kada rukovodstvo VMRO u Sofiji likvidira revolucionara Đorčeta Petrova i kada se, zapravo iz revolucionarne pretvara definitivno u terorističku organizaciju. To potvrđuje i čitav niz detalja što izbijaju na videlo u toku predstave; namjerno neukusno odabrane boje kostima, mistika koja postaje sve pompoznija što je više izgubila prvotni smisao, dugačke, psihološki neopravdane šutnje koje bi htjele dati cezuru suludo iracionalnom kolopletu zbivanja.
I sve je u toj predstavi u redu dok ti dobro iznenađeni, strasno iskazani scenski znakovi imaju pokrića u tekstu. Georgievski povremeno, na žalost, gubi osečaj za mjeru, što pretstavu vodi do ruba naivnosti, a njegove sugestije glumcima neke od njih odvode u potpuno krivom smjeru.
To se naiviše oseća kod Lukova Petra Temexkovskog, koji ovaj bitni lik drame pretjeranom fizičkom ekspresijom dovodi gotovo do rub karikature, a donekle i kod Metodija Nenada Milosavljevića. Korektne, ali ne pretjerano scenski eksponirane uloge ostvarili su Majda Tušar kao Neda, Blagoja Čorevski kao Ivan i Jon Isaja kao Hristov, dok su glumački vrhunci i najčišće kreacije predstave likovi Fezlieva kojega tumači Aco Jovanovski i Mladića u interpretaciji Dime Ilieva.
Jovanovski je ostvario u svojoj kreaciji sretan spoj redateljskih sugestija i vlastitih mogućnosti: igrao je Fezlijeva pomalo klovnovski, ali s izuzetnim unutrašnjim žarom koji od svakog njegovog pojavljivanja na sceni čini predah i olakšanje u grozničavom grču predstave. Dime Iliev je svog pozitivnog, tragičnog junaka donio smireno, bez patosa, vješto sjedinivši mladalački impuls sa zrelošću, pa bi se reklo da se radi o mladom, ali stasalom glumcu. U svjemu, neumjerena, ali značajna predstava poslije koje se Čašulova »Crnila« sasvim sigurno neće moći igrati kao što su se igrala prije.

Dalibor Foretić

„НОВА МАКЕДОНИЈА" 16. XII. 1977 г.

По гостувањето на Драмскиот театар во Загреб и Белград

НЕШТО ПОВЕЌЕ ОД ЗАПОЗНАВАЊЕ

Членовите на Драмскиот театар од Скопје ја изведоа и драмата на Коле Чашуле „Црнила" на сцената на Драмскиот театар „Гавела". Тоа беше втор настап на скопските уметници бидејќи пред тоа го изведоа „Хамлет" од В. Шекспир на сцената на Хрватското народно казалиште. Сега кога гостувањето во Загреб е завршено се создава можност да се цени вредноста, дострелите и потребите на вакви театарски и воопшто културни запознавања. Сегашните оценки можат да се засноваат врз впечатоците што ги добиваме за време на претставите, реакциите на публиката, бидејќи официјалната критика се уште не се огласи за ова театарско гостување.
Во ХНК беше прикажан еден неконвенционален „Хамлет" што го постави Слободан Унковски. Претставата според многу нешто впечатлива и нова ја заинтересира театарската публика на главниот град на Хрватска, научена на многубројни вредни гостувања во кои можеме да го вброиме и ова на скопските уметници, така што на крајот публиката реагираше со долготраен аплауз. И ако некој беше јунак на вечерта на сцената на ХНК во Загреб тоа сигурно беше Илија Цувалековски во улогата на кралот, кој на оваа загрепска сцена повторно се појави по низа години отсуство. Публиката исклучително топло реагираше и на интересната интерпретација на Ацо Ѓорчев кој го толкуваше Полоние.
Втората театарска вечер на Драмскиот театар мина во Драмскиот театар „Гавела" каде што е изведена драмата „Црнила" на Коле Чашуле. Во гледалиштето го забележавме меѓу неколкуте општествено-политички и културни работници и секретарот за просвета и култура и физичка култура д-р Стипе Шувар. Претставата како целина предизвика внимание.
Гостувањето на Драмскиот театар во Загреб ја оправда својата смисла за претставување на едон поле на работа во македонската култура. Ги прошири и онака тесните хоризонти на нашата југословенска информираност. Некои организациони недостатоци можат друг пат да се решат со поголем ангажман на домакините, но тие не можат да ги намалат вредностите на она што се сака да се претстави на таквите гостувања.

(Б. П.)

„НОВА МАКЕДОНИЈА" Недела 18 декември 1977 год.

Писмо од Загреб

ДОСТРЕЛ НА ЕДНО ТЕАТАРСКО ГОСТУВАЊЕ

Загрепска критика за македонските артисти

Дводневното гостување на Драмскиот театар од Скопје во Загреб на 10 и 11 декември беше можност, театарската публика и критиката да ги види двете претстави во изведба на оваа

реномирана скопска театарска куќа. Го гледавме Шекспировиот „Хамлет" во Хрватското народно казалиште и „Црнила" на Коле Чашуле, изведено во Драмскиот театар „Гавела". Гостувањето и настапот на скопските театарски уметници наиде на топол и срдечен прием кај публиката и на двете претстави, пак беше интересно да се дочекаат и првите службени критички коментари. Првиот таков коментар се појави во загрепски „Вјесник" на 16 декември, во кој театарскиот критичар Далибор Форетиќ ги оцени дострелите на прикажаните претстави, наречувајќи ги „театар на модерниот сензибилетет".

Во овој опширен критички осврт, во почетокот на уводот, критичарот го набележа историскиот пат и развојот на Драмскиот театар од Скопје, за кој вели дека „на ова гостување се претстави како театар со изразито современ сензибилитет, изведувајќи две претстави во кои се чуствува силниот режисерски авторски пристап, па и покрај сличните мислења, има и спротивни за начинот на кој се обидуваат да се дојде до сценски резултати". Потоа, критичарот го анализира и режисерскиот концепт на Слободан Унковски во претставата на „Хамлет", за кој вели: „Во своето трагање, тој поаѓа од една исправна констатација дека Хамлет е „јунак на нашето време", но истовремено предупредува: не верувам дека таков јунак Унковски го пронашол". Во продолжението ја истакнува функционалноста и поетичноста на сценското решение. За артистичкиот концепт, Далибор Форетиќ вели дека се заснова на тоа што „Унковски не им наметнува на артистите она што би требало да го играат, туку ненаметливо сугерира, ги разработува со нив можностите. Поради тоа во оваа претстава има толку стилски и концепциски разнородни креации". Кога ги одделува артистичките креации, тој истакнува дека "во сценската уверливост и крепкост најмногу постигна Илија Џувалековски како Клаудие...", додека „...Лилјана Георгиевска во улогата на Гертруда, внатрешните безредија успеа да ги елиминира со надворешното студенило и маска, кои во завршниот час избија како страхување и очај." Ленче Делова ќе ја паметиме „како нежна поетична Офелија", додека „најмногу остави да се мисли на Хамлет на Мето Јовановски. Поаѓа од него, од еден речиси приватен став, за да на момент достигне ерупција на силата и застрашувањата пред да го распрсне светот кој го опкружува..." и заклучува: „оваа претстава на Хамлет е добро смислена, но не и докрај обмислена претстава".

За претставата „Црнила" за Коле Чашуле загрепскиот театарски критичар истакнува: „Ѓеоргиевски, без сомнение, точно ја погодува емотивноста на јунаците во драмата на Чашуле..." и продолжува: „и се во таа претстава е во ред, додека сите добро изнајдени, страшно искажани сценски наслови имаат покритие во текстот". За Луков на Петар Темелковски нагла сува дека „овој лик во драмата е претерано физички експресивен што доведува речиси до работ на карикатурата". Слично се оценува и артистичкиот придонес на Ненад Милосавлевиќ „Коректни, но не и премногу сценски експонирани се улогите, какви што остварија Мајда Тушар како Неда, Благоја Чоревски како Иван и Јон Исаја како Христо, додека артистички врв и најчиста креација на претставата се ликовите на Фезлиев што ги толкува Ацо Јовановски и момчето во интерпретација на Диме Илиев. И на крајот да се каже: во се неумерена но значајна претстава, по што Чашулевите „Црнила" сосема сигурно, не ќе можат да се играат како што се играле порано.

Б. Павловски

VEČERNJI LIST 19. XII 1977 g.

GOSTOVANJE DRAMSKOG TEATRA IZ SKOPLJA

KAZALIŠNO IZNENAĐENJE

Sa dvije prestave u Zagrebu je nedavno gostovao Dramski teatar iz Skoplja, jedno od najuglednijih makedonskih kazališta, koje je prošle godine proslavilo tridesetu obljetnicu rada. Na gostovanje gostovanje su stigla dva novija, vrlo ambiciozna ostvarenja.

Prvi je bio Šekspirov »Hamlet«, na pozornici HNK. Nakon predstave što je 1966 codine igrana u Bitolju, ovo je tek druga predstava »Hamleta« na makedonskom jeziku, a postavio ju je u prevodu BOGOMILA ĐUZELA mladi redatelj SLOBODAN UNKOVSKI. Već na početku predstave impresivan dojam ostavlja scenografija MIODRAGA TABAČKOG, sastavljena od kose drvene konstrukcije pokretnih dijelova, no prostor što ga scenograf oblikuje, predstava ne uspjeva ispuniti. Jedna od zapreka su kostimi, sasvim nedefinirani i bezbojni, s jednim kolorističkim izuzetkom u prizoru »mišolovke« koji je ostvaren blistavom spektakularnošću. Unatoč inventivnosti u detaljima, reditelj pokazuje više obavještenosti i studioznosti nego samosvojnog osobnog stajališta, koje bi određenije usmerilo glumačke napore. U ulozi »Hamleta« upoznali smo zanimljiva mladog glumca METU JOVANOSKOG, koji je s mnogo opore plemenitosti izrazio melankoliju unaprijed poražena junaka. Izbegavajući demodiranu patetiku, ta pretstava završava u drugoj krajnosti, u prigušenosti i prozaičnosti, koja je osirumašuje.

Ako je prva večer protekla mlako, druga je bezrezervno osvoila (na žalost malobrojnu) publiku u Dramskom kazalištu Gavela, u kojem je izvedena drama »CRNILA« makedonskog književnika KOLE ČAŠULE. To je delo prvi put igrano 1961, a zatim je u prevodima obišlo više kazališta u Jugoslaviji (igrano je u HNK u Zagrebu 1963), a sad se u režiji LJUBIŠE GEORGIEVSKOG ponovo nameće pažnji. Predstava je odigrana u silovitom, bogatom zamahu, s izuzetnom žestinom i punoćom. Odustavši od nekadašnje realističke interpretacije i opredeljujući se za sažimanje najbitnijih dramatskih tokova i njihovo razvijanje u najoštrijim potezima, gde su i dramske pauze nabijeni isčekivanjem poput tišine prije eksplozije — redatelj je s izvrsnim glumačkim ansamblom afirmirao nova značenja drame Kole Čašule. Ovaj put ona nije samo povjesna, ne odnosi se samo na događaje u Sofiji 1922, već ostajući vjerna svojim izvorima i svim obeležjima nacionalnog mentaliteta izrasta u univerzalnu viziju političkog terorizma i njegove sudbonosne tragičnosti. Georgievski poseduje izvanrednu vizualnu maštu i smisao za scenski ritam, njegovi su scenski znakovi kompaktni, prodorni, uvjek puni iznenađenja. Iako čitav ansambl pridonosi uspehu te temperamentne pretstave, valja spomenuti bar autora izvrsne scenogra-

fije BRANKA KOSTOVSKOG i glumca ACU JOVANOVSKOG, koji je tragikomičnom ulogom Fazlieva neodoljivo ublažavao atmosferu približavanja katastrofe, kojom je ispunjena sva pretstava. Srdačan aplauz ispratio je goste, koji s »Crnilima« Kole Čašule i od prije poznatom nagrađenom pretstavom »Jane Zadrogaz«, ostvarenom na tekstovima iz makedonske narodne književnosti uskoro gostuje u Poljskoj u kojoj očito, imaju što pokazati.

M. Grgičević

»OKO« 29. XII. 1977 g.

NESTABILNO TLO POD HAMLETOVIM NOGAMA

Dramski teatar iz Skoplja gostovao je u Zagrebu sa šekspirovim »Hamletom« i žCrnilima« autora Kole Čašule

Teatar je bitan most umetnosti i kulture u međurepubličkim zbližavanjima i upoznavanjima. Tako se odrazilo i gostovanje Dramskog teatra iz Skopja u Zagreb sa Šekspirovim »Hamletom« i »Crnilima« autora Kole Čašule. Publika je srdačno prihvatila makedonske umetnike među njima je posebno pozdravljen Ilija Džuvalekovski, koji je gotovo jedno cjelo desetoleće bio stalni član Drame Hrvatskog narodnog kazališta u Zagrebu.
Gosti iz Skoplja došli su s ambicioznim programom, očito želeći potvrditi se pred kultiviranim zagrebačkim gledalištem. Mnogo je »Hamleta« prodefiliralo scenom velikog teatra. Utoliko je bilo teže gostima. Ali redatelj Slobodan Unkovski nije imao kompleksa, dao je svoju verziju tumačenja velikog klasičnog djela. Kvaliteta predstave koja je odmah privukla pažnju gledalaca — jest scenografija. Miodrag Tabački je dramu i tragediju »Hamleta« podigao od tla na praktikabele od dasaka, koji se iz slike u sliku različito kombiniraju na svojim gotovo nestabilnim postoljima. Ima u tom scenografskom riješenju neposredne simbolike — nestabilne su i pozicije glavnih junaka, Klaudija, — hoće li uspeti sakriti bratoubojstvo, Hamleta — dali će imati snage izvršiti misiju koju mu je namjenio duh ubijenog oca?
Režiski koncept Unkovskoga oslobodio je »Hamleta« tradicionalnih tragediskih tereta, svodeći radnju na suvremeno zbivanje s puno ležernosti. Time je snizio i temperaturu sukoba, pojednostavio odnose i pokušao dramu prožeti spontanom čovečnošću, koja razumije i najteže lomove, etičke i vlastodržačke. Ali je ipak tragediju pomakao iz realnosti u poseban kut viđenja i doživljavanja. U tome bila mu je od velike pomoći scenografija Tabačkog. U postavi Unkovskoga djelovi scene, četvrtaste plohe od dasaka, oživljenje su do aktivnosti, koja impresionim: Hamlet ubija Polonija, ne mačem kao što je zadano, nego udarom scenske konstrukcije koja rotira.
Možda najbolje pristup »Hamletu« Unkovski ilustrira podjelom i konceptom naslovne uloge. Mladi glumac Meto Jovanovski igra danskoga princa vrlo sustegnuto, s unutarnjim otporom koji nije strah nego nedovoljna motiviranost. Njegov je Hamlet tek sticajem okolnosti uvučen u igru i u njemu vrlo postepeno raste drama, da bi tek u jednom momentu punim intenzitetom rpobila se van iz njegove smirene psihe. Ali samo za trenutak. Tako Hamlet ostaje u sećanju kao potisnut lik, kojega je tek sudbina vodila na njegovom tragičnom putu. Adekvatniji je Klaudije Ilije Džuvalekovskog, koji u tumačenju kralja unosi zrelo iskustvo i sigurnost. U izboru Polonija, tumači ga Aco Đorčev redatelj je postigao sličan rezultat kao sa Hamletom — ležernost bez izražajnosti; tu je i komična spontanost koja nas udaljava od Šekspirovog profila toga lika. Lik prvog grobara odigrao je Jon Isaja s pravom mjerom uverljiva realistička izraza. Na svršetku prestave Fortinbras u režiji Unkovskog tuče bičem po golim prostorima upravo završene tragedije. Da li je to simbolika ili tek efektan poslednji prizor ostaje nam da razmišljamo. I na kraju, pretstava »Hamleta« iz Skopja ima dovoljno scenskih elemenata koji animiraju gledaoca, a posebno scenografijom možemo je ubrojiti među smjela, originalna rešenja najsloženijeg djela svetske dramske literature.

Drugo djelo s kojim su se makedonski umetnici pretstavili u Zagrebu »Crnila« su («Tmine autora Kole Čašule, značainog posljeratnog makedonskog dramatičara. Drama je sadržajem moderna prikazuje politički terorizam,) iako nije vezana za suvremene događaje nego za jedan mračni trenutak makedonske povjesti — ubojstvo revolucionara Đorče Petrova. Sadržajni apsurd drame je u tome da Petrova iz neznanja ubija mladić kojemu je ovaj revolucionar bio ideal čovjeka i borca za slobodu. Iza ubojstva (u Sofiji) stoji teroristička makedonska organizacija sa svojim mračnim računima u korist bugarskog dvora (1971)

Iako se prihvatio historiskog motiva mučna sadržaja Kole Čašule je sluhom istinskoga dramatičara ostvario snažnu, kompaktnu dramu klasičnog razvoja radnje, ali modernoga senzibiliteta. Likovi su prikazani u gradjacijama individualnog angažmana, od najžešćega Lukova do labilnoga Fazliva. Drama je začinjena i paprom ljubavi — u igru je upletena privlačna žena u čijem se stanu stvara plan ubojstva. Reditelj Ljubiša Georgievski išao je na isticanje potenciranih dramskih stanja »Crnila«. Početak s noževima koje jedan od aktera efektno zabija u četvorinu poda po rubovima pozornice jasan je dokaz da se reditelj odlučio na pretstavu otvorenih karata. Tu malu galeriju zabludelih terorista Georgievski animira jakim emocijama, posebno njihova vođu kojemu daje psihoneurotske geste. Na kraju uraganom pucnjeva vizuelno i zvučno »Crnilima« utiskuje pečat drame snažne akcije. Ta vanjska strana pretstave bila je upotpunjena velikim stiliziranim klatnom sata na cjelom zidu, čime je (scenograf Branko Kostovski) apostrofirano vrijeme, koje protječe i sa sobom odnosi i ovakve mračne trenutke povesti naroda.

Sad se nameće dilema — dali je Georgievski učinio »Crnilima« dobru ili lošu uslugu, time što je insistirao na dramatičnosti radi dramatike, na erotičnosti radi erotike (u tekstu se erotske scene — suprotno pretstavi — odigravaju izvan pozornice). Ovakvom postavom redatelj je »Crnila« oslobodio historiske preciznosti, lokalne autentičnosti, ali je ostvario modernu predstavu, koja se pomalo otkida od Kole Čašule i postaje ne samo makedonska nego općeljudska drama terorističke zavjere, u kojoj strada i jedan mlad pošteni život. Time je ovo delo iz povjesti pomaknuto u naše vrijeme, pa iako postava Ponijegde izneverava autora, doprinos je suvremenom sagledanju »Crnila«, jedne od najboljih poslijeratnih makedonskih drama.

Asanmbl je bio na nivou zadatka. Najzrelije ostvarenje dao je Aco Jovanovski kao Fezliev, unoseći sumornu komiku u mučne situacije drame. Lukov Petra Temelkovskog izražajan je, ali klišejiziran ne-

urotskim trzajima i koleričnim reakcijama. Mladić Dime Ilieva je sugestivan, ali u njemu je redatelj dao neka patološka obeležja.

Dvije predstave dramskih umetnika iz Skopja potvrdile su orientaciju na moderan teatar, na smjelo traganje u svetskoj i svojoj dramskoj baštini. Vredne redateljske, scenografske i glumačke snage očito idu u korak s ostalim kazališnim centrima. I čini mi s da se u Skopju sa punim respektom, angažmanom i trudom rade predstave, dok u našim teatrima ima dosta konfekciske scenske produkcije.

Nasko Frndić

zagreb 16 19 1327

broj posetioca na vašoj predstavi hamleta bio je
348 dnrekcija drame hnk
narodni teatar skopje
stefanovski

zagreb 27 23 1204
urgent
narodni teatar skopje
skopje
na predstavi crnila prodano 323 ulaznice i 40 ulaznica počasnih za uzvanike a to znači u potpunosti ispunjeno gledalište dramsko kazalište gavela

Меѓу критиките што излегоа во белградскиот печат нема да ги наведеме оние на „Политика" од Мухарем Первиќ и на „Експрес политика" од Слободан Селениќ бидејќи истите излегоа порано, по повод скопските премиери на двете претстави, а делумно беа објавени и во „Гласникот на ДТС" број 1.

„ПОЛИТИКА" 14. XII. 1977 г.

Драмски театар из Скопља у главном граду „ХАМЛЕТ" и „ЦРНИЛА" пред београдском публиком

После дужег времена београдска публика има поново прилику да види најбоље уметнике из скопског Драмског театра. Синоћ је на сцени Народног позоришта изведен Шекспиров „Хамлет" у режији Слободана Унковског. Клаудија, данског краља играо је овогодишњи добитник Авнојеве награде Илија Џувалековски, док је Хамлета играо Мето Јовановски. Ова представа у преводу Богомила Ђузела, први је Хамлет на македонском језику. Са „Хамлетом" Драмски театар гостоваће ускоро и у Пољској.

У југословенском драмском позоришту вечерас је друга претстава у извођењу глумаца из Скопља, драма Колета Чашуле „Црнила", у режији Љубише Георгијевског. „Црнила" су играли, осим неколико македонских театара, и Хрватско народно казалиште у Загребу, у коме су пре него што су дошли у Београд, гостовали уметници Драмског театра. У овој представи играју Мајда Тушар, Благоја Чоревски, Петар Темелковски, Јон Исаја, Ацо Јовановски, Ненад Милосављевић и Братислав Димитровски.

О овим представама писао је наш критичар непосредно после премијера одржаних у Скопљу.

М. Р.

ЕМИТУВАНО НА I ПРОГРАМА НА РАДИО БЕОГРАД 14. XII. 1977

Најава: Љубители позоришта у Београду имали су синоћ прилике да виде једног за њих новог „Хамлета". У Народном позоришту гостовао је Драмски театар из Скопља који је Шекспирово дело приказао у недавно постављеној режији младог уметника Слободана Унковског и у новом преводу песника Богомила Ђузела. О томе говори Божидар Божовић:
Текст: Најпре о преводу. Ђузел добро зна енглески језик, али, што је најважније, он је добар песник и подједнако добар преводилац. Наша преводна књижевност обогаћена је још једном значајним прилогом. Модеран али не помодан, гибак и глумцима лак за изговор., овај је превод задржао све вредности Шекспирових мисли.
Веома је читка и режија Унковског. И такође савремена, али не на силу. Унковском није било стало да Шекспирово дело обогаћује истраживањима која су, у оваквом случају, обично излишна, већ да начини разумљиву представу. Ако је нешто померио у нашој претстави о „Хамлету" — не о лику јунака, него о целини дела — то је улога краља, Хамлетовог стрица Клаудија, која је изразитија него што је обично случај. Томе је допринео својом личношчу носилац улоге, Илија Ђувалековски. Самог Хамлета је добро, и без грча или позе, тумачио Мето Јовановски. Полонија Ацо Ђорчев тумаћи сасвим супротно незаборавној улози Радета Марковића у дубровачкој представи, прави од њега више кловна, али то ради даровито.
Најслабија тачка представе је она визуелна — тешко прихватљив декор и костими без стила и чак без оправдања.
Скопски уметници вечерас у Југословенском драмском позоришту гостују са познатом драмом „Црнила" најплоднијег и најзначајнијег македонског савременог драмског писца, Колета Чашула.

„ВЕЧЕРЊЕ НОВОСТИ" 15. XII. 1977

ХАМЛЕТ — НАШ ДРУГ

Виљем Шекспир: „Хамлет" Редитељ: Слободан Унковски, превод и препев Богомила Ђузела

У изузетном препеву Богомила Ђузела који је поштовао музику стиха али више служно дубини смисла Шекспирове трагедије, Драмски театар из Скопља извео је „Хамлета" у режији Слободана Унковског, који је, не желећи да ускрати ништа значајно, трагедију о најславнијем Данцу претворио у причу могућу и данас.
Слободан Унковски није ни први ни последњи који је посегнуо ка таквој презентацији дела, али је један од ретких који је успео да прецизно обележи своје настојање. Динамиком и ритмом, арсеналом гестова и разрешавањем кључних сцена, он је успео веома зналачки да осавремени „Хамлета", лишавајући га патине и наслага историје, али му истовремено свесно дајући димензију садашњег тренутка ненасилним путем. Конфликт личног и јавног, интимног и општег. Унковски је поставио у историјском контексту, човек је „сламка међу вихорове" и велики је раскорак и непомирење између његовог људског бића и улоге коју му судбина додељује да је покорно одигра.
Ипак, Унковски није стигао до краја. Желећи да помири класично и савремено, изгубио је понегде доследност, допуштао да у појединим сценама заискри и стереотипни, безброј пута репризирани прилаз трагедији — нефункционална и буквално асоцијативна костимографија припомогла је на таквим местима — али, срећом, већину замки је избегао. Мето Јовановски био је тихи, луцидни и редитељевој идеји одани Хамлет. Илија Џувалековски је импресивно и упечатљиво играо Клаудија; животно искрено је остварена Гертруда Љиљане Георгијевске, док је Ленче Делова као Офелија упечатљиво одиграла само други део. Полоније Ацо Ђорчева се истицао простудираношћу и ненаметљивом игром која зрачи, а Лаерт Благоја Чоревског иако убедљив, био је ближи класичном издању несретног Офелијиног брата.

Милан МИТИЋ

„ХАМЛЕТ" НЕПРИФАТЕН

Прексиноќа артистите на Драмскиот театар од Скопје на сцената на Народно позориште во Белград го прикажаа Шекспировиот „Хамлет"

Белград, 15 декември. -Првиот скопски „Хамлет" во режија на Слободан Унковски, со Мето Јовановски во насловната улога, ја заврши својата југословенска турнеја. По настапот во Љубљана и во Загреб, членовите на Драмскиот театар завчеравечер се претставија пред белградската театарска публика. Тие „Хамлет" го изведоа на сцената на Народното позориште. Од трите изведби на „Хамлет" на оваа југословенска турнеја на Драмскиот тетар од Скопје, белградската беше најпосетена. Салонот на Народното позориште беше речиси целосно полн. На изведбата на скопскиот „Хамлет" присуствуваа и Киро Глигоров, претседател на Собранието на СФРЈ, Драгољуб Ставрев, член на Извршниот комитет на Претседателството на ЦК СКЈ, Асен Симитчиев, член на Сојузниот извршен совет, како и други видни општествено-политички и културни работници, театарски критичари, театралози и артисти.
Од разговорот и контактите со белградските критичари, артисти и други театарски луѓе, кои ја следеа претставата, добивме впечаток дека мислењата за оваа изведба на „Хамлет" се доста контрадикторни. Факт е дека артистите добија неколку аплаузи на отворена сцена, но за целосниот впечаток од ова сценско видување на „Хамлет", повеќемина истакнати театролози и критичари ни искажаа негативни мислења.

Со оглед на тоа дека прикажувањето на „Хамлет" на оваа турнеја веќе заврши можеме да го сумираме резултатот. Општ впечаток е дека во трите културни републички центри (Љубљана, Загреб и Белград) претставата не беше прифатена и не го постигна оној уметнички ефект што го очекуваа драмските уметници од Скопје. И во трите средини театарските критичари, театралозите и други театарски работници едноставно не го прифатија овој скопски „Хамлет", зашто сметаат дека не е добро уметнички осмислен и дека во него не се искористени поголемите универзални вредности на Шекспировото дело.

По сево ова, го замоливме режисерот Слободан Унковски да го сумира своето видување на турнејата.

Ја сметам нашата турнеја особено значајна, зашто „Хамлет" го игравме во центри каде тој е присутен на репертоарот повеќе од 100 години. Мислам дека станавме свесни за значењето и за местото на нашата претстава што гѝ има во југословенски рамки и токму затоа сметам дека прикажувањето на делото може да се означи како исклучително, значајно и успешно. Сметаме дека Мето Јовановски на оваа турнеја ги одигра можеби своите најубави претстави, од кои би ја одделил онаа во Загреб.

Носителот на насловната улога, артистот Мето Јовановски ни рече дека е задоволен што му се дала можност да настапи во културни центри со голема театарска традиција. Тој е најзадоволен од настапите во Љубљана и во Белград, додека за Загреб вели дека е разочаран од публиката и домаќините.

Петре Бакевски

„ВЕЧЕР" 16. XII. 1977 г.

ГРСТ ПОФАЛБИ ЗА „ЦРНИЛА"

Завчеравечер артистите на Драмскиот театар Чашулевата драма ја изведоа на сцената во Југословенското драмско позориште во Белград

Белград, 16 декември. — Завчеравечер со изведбата на драмата „Црнила" од Коле Чашуле, во режија на Љубиша Георгиевски, на сцената на Југословенското драмско позориште во Белград заврши седумдневната југословенска турнеја на членовите на Драмскиот театар од Скопје. На изведбата на „Црнила" во Белград присуствуваа и Киро Глигоров, претседател на Собранието на СФРЈ, д-р Александар Грличков, секретар во Извршниот комитет на Претседателството на ЦК СКЈ, Ристо Џунов, потпретседател на ССРНЈ, Стојан Андов, член на Сојузниот извршен совет и други видни општествено-политички и културни работници од Белград.

Артистите Мајда Тушар, Ацо Јовановски, Петар Темелковски, Благоја Чоревски, Диме Илиев, Ненад Милосављевиќ и Јон Исаја ја одиграа најдобрата претстава на оваа турнеја низ Југославија. Посебно артистот Ацо Јовановски, кој ја толкува улогата на Фезлиев доби редица пофалби од своите белградски колеги. И со право, зашто на оваа белградска изведба на „Црнила" Јовановски даде се од себе и ликот на Фезлиев го предаде маестрално. Тој уште на почетокот воспостави одличен контакт со публиката и во текот на целата претстава успеа тој однос да го водзидне до целосен успех.

Веднаш по завршувањето на претставата го замоливме режисерот Љубиша Георгиевски да го изнесе своето мислење за изведбата на „Црнила" во рамките на оваа југословенска турнеја. Тој ни рече:

— Ова е само продолжување на одисејата на „Црнила" која уште во својата прва верзија имаше свои блескави и драматични моменти. Што се однесува до оваа моја верзија, таа и пред оваа турнеја мина доста сцили и харибди на различни национални и ментални средини: Катовице, Суботица, Зеница, Крагуевац, потоа назад во Скопје и сега повторно во Љубљана, Зегреб, Белград и се чини пак во Белград во изведба на Југословенското драмско позориште со кое сум во преговори да ја поставам. Се разбира, по сета оваа одисеја, чувствувам едно безгранично задоволство. Им пожелувам на „Црнилата" да имаат уште подолга одисеја, зашто носат една снажна и длабока хумана порака.

П. Бакевски

„НОВА МАКЕДОНИЈА" 16. XII. 1977

По гостувањето на Драмскиот театар во Загреб и Белград

ПОДЕМ НА ТЕАТАРСКОТО СОЗДАВАЊЕ

Белград, 15 декември

Со синоќешната изведба на „Црнила" од Коле Чашуле" во режија на Љубиша Георгиевсски, заврши повеќедневната турнеја на Драмскиот театар низ Југославија. Пред Белград скопските драмски уметници гостуваа во Љубљана и Загреб.

По претставите на „Хамлет" на сцената на Народното позориште и „Црнила" на Југословенското драмско позориште замоливме неколкумина белградски театролози, критичари и артисти да го изнесат своето мислење за овие изведби.

Угледниот белградски театролог, проф. Хуго Клајн во својата оценка за „Хамлет", меѓу другото рече: „Унковски бегаше од трагичноста на „Хамлет". Тој сметаше дека денешното време и денешните луѓе не се во состојба да доживеат трагично. Тој се грижеше трагично во „Хамлет" да го сведе на секојдневно, обично. Поради тоа што неоправдано бегаше од трагичното инсистирање на обичното, во претставата недостасува нешто битно. Да кажеме трагично треба да делува односот меѓу Хамлет и Офелија. Унковски се грижеше да делува едноставно и обично. Онаму пак каде што и против волјата на режисерот и артистите ја почувствуваа трагичноста, тоа публиката го проследи со аплаузи."

Театарскиот критичар на „Борба" Брана Милошевиќ истакна: „Гостувањето на Драмскиот театар, еден од најзначајните југословенски театри, беше нов повод да се запознаеме со театарското создавање во Македонија и да

констатираме колку е важно овие средби да бидат чести и разновидни. Претставите „Хамлет“ и „Црнила“, што ги видовме во докажуваат постојаниот подем на театарското создавање во Македонија и не запознаваат со младите и надарени театарски уметници, кои се најдобра гаранција дека овој развој ќе биде уште поуспешен''.
Артистката Бранка Веселиновиќ очигледно импресионирана од изведбата изјави: Претставата „Црнила'' е прекрасна. Публиката аплаудираше со полно срце.''
Артистот Маријан Ловриќ рече: „Црнила'' ја гледам вторпат. Првпат оваа претстава ја видов пред една деценија. Новата поставка на оваа претстава, сега имав можност да ја гледам со екипа на модерни артисти, наполно дојде до израз модерната артистичка интерпретација. Претставата се следеше со големо интересирање од публиката''.
Артистот Марко Тодоровиќ изјави: „Морам да изразам големо задоволство што ја видов новата поставка на „Црнила''. Оваа претстава ја гледав порано, пред 12 години, во режија на Илија Милчин. Во поставката на „Црнила'' од режисерот Љубиша Георгиевски настапуваат млади артисти кои со својата игра не воодушевија''.

Р. Кузмановски

19. XII. 1977 „БОРБА''

ДВА СХВАТАЊА ПОЗОРИШТА НА ДЕЛУ

Гостовање Драмског театра из Скопља у Београду: Шекспиров „Хамлет'' и „Црнила'' Колета Чашула

На свом гостовању у Београду, Драмски театар из Скопља претставио се београдској публици са своје две новије и, свакако, маркантније представе: редитељ млађе генерације, Слободан Унковски поставио је Шекспировог „Хамлета'', а већ увелико афирмисани редитељ Љубиша Георгијевски вратио се још једномтексту познатог македонског писца Колета Чашула „Црнила“ и показао да Чашулов текст, обиљем својих асоцијација, може у сваком тренутку да кореспондира са стварношћу и да, једном или другом својом димензијом, буде релевантан.
Унковски се, после веома успеле сценске транспозиције фолклорног наслеђа у представи „Јане Задрогаз'' прихватио Шекспировог „Хамлета'' — не да би некоме „показао'' чега све у овом комаду има, нити да би указао на неко значење које је остало недовољно примећено већ да би, једноставно, на почетку своје редитељске каријере, покушао да на материјалу који поставља много питања, одговори ставом према позоришту у целини, ставом по којем ће бити препознатљиви и његови будући редитељски радови.
Гледајући „Хамлета'' Слободана Унковског, човеку се намеће помисао да овај редитељ има једну веома важну врлину за занат којим се бави, а то је да не помишља како свет и позориште почињу од њега: та свест о ограничености сопствених моћи и трезвена сумња у те моћи, дате су у овом тренутку, као претпоставка, а не као резултат зрелог и дубоког промишљања текста. У својој непретенциозности Унковски је, судећи по овом „Хамлету'', отерао мало предалеко, тако да је основни проблем ове представе у њеној недовољној артикулисаности, у њеном одустајању од одговора на многа питања која у свако време зраче из „Хамлета''. Међутим, техника овог одустајања или, још боље, његова технологија, пошто „производња става'', за Унковског, ни у ком случају није једноставна позоришна операција — наговештавају да је то одустајање узрок његовог интересовања за једну овако сложену драмску структуру и да оно никако не долази од непознавања, него од непризнавања значаја многих од тих питања. Унковски, као сваки добар ђак, покушава овом представом да се ослободи оног некреативног „вишка'' знања, да би упућен на сопствено искуство, изградио став према капиталним позоришним вредностима. Отуда у његовом „Хамлету'' нема ни драме ни страсти, ни ватре ни пепела, већ само горде уверености у постојање друкчијих путева и, засада, још увек недовољно искуства да се та гордост учини свестрано релевантном.
„Хамлет“ Унковског са Метом Јовнаовским у главној улози, није представа која било шта помера унутар текса, али зато настоји да промени, да не кажеме унапреди, однос према тексту, а са њим и однос према неприкосновеним вредностима културе. У том односу има помало цинизма понешто незаинтересованости, а понајвише уверење да позориште не чине „свете'' чињенице чије важење не застарева.
Поред Мета Јовановског у насловној улози, који је својом неупадљивошћу вероватно потпуно одговара редитељевим замислима, у овој представи уједначеног глумачког израза, наступили су Илија Џувалековски, у улози краља, Љиљана Георгијевска, као Гертруда, Благој Чоревски као Лаерт и други.
Један од најпродуктивнијих сценографа у последње време, Миодраг Табачки, стигао је да, стилизујући нека ранија решења, обликује простор за ову претставу док је костиме урадила Елена Дончева-Танчева.

*
* *

„Црнила' Колета Чашула годинама трају као један од најзначајнијих драмских текстова савремене македонске, па и југословенске драмске књижевности. Преплићући вешто документарно и психолошко, Чашуле је начинио пластичну слику наличја револуције, откривајући сву немоћ и беду терористичког подземља које, тобоже у име високих идеала — слободе македонског народа — девалвира и поништава сваки вид људскости. Развијајући подједнако успешно драму акције и етике, тражећи мотиве за различита опредељења и избегавајући површна образложења, Чашуле је успео да начини комад који интригира, комад који на питања што се не постављају тако често, даје одважне и ваљане одговоре.
Редитељ Љубиша Георгиевски је Чашуловој драми пришао са поверењем у разноврсност њених зачења и асоцијација, а самим тим и са уверењем да свака врста редитељске „дог-

рађње" оваквој материји може само користити.

Георгијевски је начинио живу, јарку, по много чему смелу представу, дајући маха својој машти и не бринући много да ће, под теретом његових редитељских решења и „изума", Чашулов текст доспети у други план. У представи Георгиевског има претеривања, има од текста независних или недовољно оправданих решења, али упркос свим овим неодмереностима и недоследностима, то је представа иза које стоји изразита редитељска индивидуалност.

Много мање успелим од необузданих редитељских решења, учинили су нам се редитељеви напори да поједине глумце приволи глумачком изразу који, у намери да буде упечатљив, делује неартикулисано и грчевито. У поштовању оваквих редитељевих захтева предњачио је, на своју штету и на штету улоге коју је тумачио, Петар Темелковски (Луков), док су Благој Чорев, Мајда Тушар и Ненад Милосављевић покушавале мирнијом игром да буду конкретни тумачи Чашуловог текста.

Најпотпуније глумачко остварење у овој представи је Фазлиев Аца Јовановског. У представи су учествовали Јон Исаја и Братислав Димитровски.

Једноставно, у симболима изведена сценографија Бранка Костовског деловала је као прикладан амбијент за драму, док би се о прикладности костима Раде Петрове-Малкић могло широко разговарати.

Успело и занимљиво гостовање Драмског театра из Скопља на којем смо видели две различите представе и два схватања позоришта на делу, још једном потврђује потребу и важност оваквих сусрета и говори у прилог свима који се залажу за њихову учестаност.

Бранислав МИЛОШЕВИЋ

13/8968
београд 49 20 1008
драмски театар
карпош 2
скопје

обавештавамо вас да је за представу хамлет вашег театра дана 13 децембра издато на благајни 354 улазница стоп служба пропаганде издала је још 100 пропусница што значи да је у гледалишту народног позоришта било око 450 гледалаца
другарски поздрав
управник народног позоришта велимир лукић

цол 2 13 354 100 450

24/81054
београд 20 20 1031

ристо стефаноски
драмски театар
скопље

на представи црнила у нашем позоришту било је присутно 355 људи
југословенско драмско позориште београд

цол 355